# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**на Македонска берза АД Скопје за 2014 година**

**Скопје, Февруари 2015 година**

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2014 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) коишто влијаеа на работењето на Берзата во 2014 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, правните и нормативни активности, преземените активности за едукација на пошироката јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2014 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2014 година работењето на Македонската берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори и околности од меѓународен и локален аспект, кои го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза, односно имаа свое влијание врз тргувањето со хартии од вредност на Берзата, а со тоа и врз деловното работење на Берзата како акционерско друштво:

- Растот на светската економија во 2014 година продолжи со слично темпо како претходната година и изнесуваше околу 3,3%. Најголем придонес кон глобалниот раст дадоа САД и Велика Британија, кои остварија поголем раст од очекуваниот и излегоа од рецесијата. Растот на повеќето земји во развој беше со исто темпо како и минатогодишниот од околу 6,5%. Земјите од еврозоната, вклучувајќи ја и Велика Британија (со раст од 2,6%), забележаа благо зголемување на БДП во 2014 година во износ од 0,8%[1];

- Економската динамика во земјите од еврозоната сеуште е скромна, пред се’ како резултат од воздржаноста и песимизмот кај инвеститорите од вложување во еврозоната, како и од понатамошното намалување на инфлацијата, која полека преминува во дефлација во некои земји. Европската централна банка продолжи со стимулативната политика, но резултатите се очекуваат во иднина со понатамошното паѓање на цените на нафтата и зголемувањето на извозот на европските економии;

- Во 2014 година македонската економија се очекува да забележи раст од 3,7%, пред се’ како резултат на странските и јавните инвестиции и благото закрепнување на некои економии во Европската Унија, која е наш доминантен трговски партнер[2];

- Подобрените трендови во светската економија во 2014 година, благото закрепнување во ЕУ како и порастот на македонската економија влијаеше врз зголемување на обемот на вложување на инвеститорите во македонски хартии од вредност и покрај повторно регистрираниот нето одлив на странските инвеститори. Тоа влијаеше врз осетно зголемување на прометот и благ пораст на општото ниво на цените на пазарот;

- Како резултат на воведување на задолжителната котација на хартиите од вредност во 2013 година, во текот на 2014 на Берзата се забележа понатамошното зголемување на обемот и квалитетот на известување на друштвата, а со тоа и на транспарентноста на пазарот на хартии од вредност;

- НБРМ и во 2014 година водеше релаксирана монетарна политика со ограничување на понудениот износ на благајничките записи, како и намалување на активните каматните стапки на каматите на кредитите прекуноќ и каматите на благајничките записи. Овие мерки придонесоа кон зголемување на кредитниот раст кој годишно изнесува 9,4% и го зајакнаа финансиското посредување во земјата кое изнесува близу 52% (кредити/БДП). Ова резултираше со дополнително намалување на приносите на најсигурните финаниски инструменти . Овој фактор веројатно имаше свое влијание на берзанските движења во 2014 година;

---

[1] World Economic Outlook - Update, IMF, January 2015

[2] “Ревизија на макроекономските проекции”, Димитар Богов, гувернет на НБРМ, говор ноември 2014

- Општата ликвидност во економијата сеуште беше голем предизвик за сите економски агенти истото имаше големо влијание на состојбите на пазарот на хартии од вредност;

- И покрај евидентниот пораст на портфолиото на отворените инвестициони фондови во Република Македонија (на крајот на 2014 година вкупните средства на фондовите се зголемија за 1,5 пати во однос на 2013 година и достигнаат износ од 30,9 милиони евра) најмногу од средствата дадени на управување беа насочени кон вложување во депозити и должнички хартии од вредност издадени од државата (пред се, раст на паричните фондови) и истото не ги афектираше позитивно берзанските движења;

- Во рамките на вкупниот број на котирани компании релативно мал дел од нив поделија дивиденди како одраз на ликвидоносните потреби и неконзистентните политики на распределба на добивките;

- Стапка на инфлација од 0,2% во 2014 година;

- Стабилен девизен курс;

- Функционална институционална пазарна инфраструктура;

- Се одржаа предвремени парламентарни избори и истите имаа соодветни импликации на учесниците на пазарот на хартии од вредност;

- Во 2014 година не се случија некои нови позначајни поместувања во однос на отворените прашања кои се поставуваат како услов за реализацијата на определбите на Република Македонија за членство во евроатлантските организации, што и понатаму имаше свое влијание врз очекувањата на инвеститорите на Берзата.

## 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2014 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2014 година изнесуваше **8.704.057.897** денари (околу **141,16** милион евра), што е за **169,10 %** повисок во споредба со 2013 година;

- Остварениот промет на класичното тргување во 2014 година изнесуваше **2.526.521.981** денари[3] (околу **41,00** милиони евра), што е за **19,02%** повисок во споредба со 2013 година;

    - Прометот остварен со акции во 2014 година изнесуваше **1.985.368.182** денари (околу **32,21** милиони евра), што е за **42,36%** повисок во споредба со 2013 година;

    - Во 2014 година е остварен промет со обврзници од **541.153.799** денари (околу **8,79** милиони евра), што е за **25,68%** понизок во споредба со 2013 година;

- Во 2014 година на Берзата се реализирани **91** блок трансакција (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од **1.568.007.940** денари (околу **25,44** милиони евра), и бележи зголемување од **91,32%** во споредба со 2013 година;

- Во 2014 година реализирани се продажби на акции и удели по пат на јавни берзански аукции во вкупна вредност од **280.343.084** денари (околу **4,55** милиони евра), што е за **2,05 %** повисоко во споредба со 2013 година;

[3] При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

- Во 2014 година на Берзата се реализирани јавни понуди на хартии од вредност и е остварен промет од **4.329.184.892** денари (**70,18** милиони евра) и бележи зголемување од **246 пати** во споредба со 2013 година;

- Во структурата на прометот доминираат реализираните трансакции од јавните понуди со **49,74%** учество во вкупниот промет на Берзата во 2014 година;

- На крајот на 2014 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на **115** друштва, од кои 30 друштво на подсегментите Супер котација и Берзанска котација и 85 друштва на подсегментот Задолжителна котација;

- Пазарната капитализација на котираните акции на 30.12.2014 година достигна **101,76** милијарди денари (околу **1,66** милијарди евра) и бележи зголемување од **4,10%** во споредба со 2013 година, додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува **5,68** милијарди денари (**92,39** милиони евра) што претставува опаѓање за **14,15%** во споредба со 2013 година.

- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 30.12.2014 година изнесуваше **1.844,20** што е **6,06%** повеќе во однос на вредноста на индексот МБИ10 постигната на последниот ден на тргување во 2013 година кога изнесуваше 1.738,86**.**

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2014 и 2013 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за периодот Јануари-Декември 2014 година и Јануари-Декември 2013 година, како и структурата на прометот остварен во 2014 година.

| **ПРОМЕТ (денари)** | **Јануари – Декември 2013** | **Јануари – Декември 2014** | **% на промена** |
|---|---|---|---|
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **2.122.770.731** | **2.526.521.981** | **19,02** |
| АКЦИИ | 1.394.585.615 | 1.985.368.182 | 42,36 |
| ОБВРЗНИЦИ | 728.185.116 | 541.153.799 | -25,68 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари) | 8.664.370 | 10.146.675 | 17,11 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | 55 | 53 | -3,64 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **819.559.599** | **1.568.007.940** | **91,32** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **274.712.773** | **280.343.084** | **2,05** |
| **ЈАВНИ ПОНУДИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **17.514.884** | **4.329.184.892** | **24.617,18** |
| **ВКУПНО** | **3.234.557.987** | **8.704.057.897** | **169,10** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **13.396** | **13.264** | **-0,99** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **82** | **91** | **10,98** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **101** | **35** | **-65,35** |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **6** | **8** | **33,33** |
| **ВКУПНО** | **13.585** | **13.398** | **-1,38** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА (денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **102.718.163.286** | **105.370.997.921** | **2,58** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 97.755.772.716 | 101.759.108.987 | 4,10 |
| ПАЗАР НА АДПОИ | 4.962.390.570 | 3.611.888.934 | -27,21 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **6.616.404.276** | **5.680.322.013** | **-14,15** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **109.334.567.562** | **111.051.319.934** | **1,57** |
| **МБИ10** | **1.738,86** | **1.844,20** | **6,06** |
| **ОМБ** | **124,13** | **126,15** | **1,63** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **116** | **115** | **0,00** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **245** | **249** | **1,63** |

**Структура на прометот во периодот**
**Јануари - Декември 2014 година**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % на учество | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **2.355.319.885** | **38.223.269** | **27,06** | **12.962** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | **171.202.096** | **2.776.649** | **1,97** | **302** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **1.568.007.940** | **25.435.916** | **18,01** | **91** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **280.343.084** | **4.545.819** | **3,22** | **35** |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **4.329.184.892** | **70.182.167** | **49,74** | **8** |
| **ВКУПНО** | **8.704.057.897** | **141.163.820** | **100,00** | **13.398** |




## <u>3.2. Анализа на остварениот промет од класичното тргување по месеци</u>

Во текот на 2014 година на Берзата е остварен промет од "класичното" тргување во износ од **2.526.521.981** денари (околу **41,00** милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од "класичното" тргување на Берзата во 2014 година, во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2014 година.

**Промет од “класичното” тргување по месеци во 2014 година**




| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансак ции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | | | | |
| Јануари | 176.113.798 | 73.325.491 | 7.741.517 | 257.180.806 | 4.175.762 | 1.059 | 20 |
| Февруари | 164.352.417 | 7.844.019 | 3.421.311 | 175.617.747 | 2.847.145 | 1.011 | 20 |
| Март | 170.888.407 | 3.176.031 | 63.644.879 | 237.709.317 | 3.853.320 | 1.069 | 21 |
| **Вкуп. I квартал** | **511.354.622** | **84.345.542** | **74.807.707** | **670.507.870** | **10.876.227** | **3.139** | **61** |
| Април | 107.816.719 | 3.164.553 | 2.557.159 | 113.538.431 | 1.840.463 | 853 | 20 |
| Мај | 231.050.601 | 6.603.445 | 5.806.565 | 243.460.611 | 3.952.050 | 1.356 | 21 |
| Јуни | 186.092.360 | 6.868.226 | 6.939.827 | 199.900.413 | 3.240.895 | 1.024 | 20 |
| **Вкуп. II квартал** | **524.959.680** | **16.636.224** | **15.303.551** | **556.899.455** | **9.033.408** | **3.233** | **61** |
| Јули | 69.672.724 | 18.646.640 | 2.713.167 | 91.032.531 | 1.477.284 | 785 | 22 |
| Август | 71.925.170 | 197.765.888 | 2.623.386 | 272.314.444 | 4.428.024 | 1.108 | 20 |
| Септември | 125.783.615 | 63.287.871 | 11.967.457 | 201.038.943 | 3.268.129 | 1.124 | 21 |
| **Вкуп. III квартал** | **267.381.509** | **279.700.399** | **17.304.010** | **564.385.918** | **9.173.437** | **3.017** | **63** |
| Октомври | 162.753.796 | 108.272.566 | 46.061.747 | 317.088.109 | 5.142.622 | 1.416 | 22 |
| Ноември | 180.316.173 | 18.043.934 | 12.314.150 | 210.674.257 | 3.415.214 | 1.486 | 20 |
| Декември | 167.400.306 | 34.155.134 | 5.410.931 | 206.966.371 | 3.359.009 | 973 | 22 |
| **Вкуп. IV квартал** | **510.470.275** | **160.471.634** | **63.786.828** | **734.728.737** | **11.916.845** | **3.875** | **64** |
| **ВКУПНО** | **1.814.166.086** | **541.153.799** | **171.202.096** | **2.526.521.980** | **40.999.917** | **13.264** | **249** |

## 3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2014 година (2,36 милијарди денари) е остварен преку 12.962 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 93,23%. Од тоа, 1,81милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (77,02%) при што се склучени 11.539 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 541 милиони денари (22,98%) и истиот е остварен преку 1.423 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (171 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2014 година со 6,78% и 302 трансакции. Од тоа, 1,55 милиони денари отпаѓаат на тргувањето остварено на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување (0,91%) и овој промет е остварен преку 13 трансакции, додека на Слободниот пазар се остварени 169,65 милиони денари (99,09%) преку 289 трансакции.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2014 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА КЛАСИЧНИОТ ПРОМЕТ ВО 2014 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **1.814.166.086** | **29.432.601** | **77,02** | **11.539** |
| обични | 1.812.315.638 | 29.402.584 | 99,90 | 11.468 |
| приоритетни | 1.850.448 | 30.016 | 0,10 | 71 |
| ***Обврзници*** | **541.153.799** | **8.790.668** | **22,98** | 1.423 |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **2.355.319.885** | **38.223.269** | **93,22** | **12.962** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **171.202.096** | **2.776.649** | **100,00** | **302** |
| ***Пазар акционерски друштва со посебни обврски за известување*** | **1.551.490** | **25.155** | **0,91** | **13** |
| обични | 1.551.490 | 25.155 | 100,00 | 13 |
| приоритетни | 0 | 0 | 0,00 | 0 |
| ***Слободен пазар*** | **169.650.606** | **2.751.493** | **99,09** | **289** |
| обични | 169.035.606 | 2.741.492 | 99,64 | 288 |
| приоритетни | 615.000 | 10.001 | 0,36 | 1 |
| **ВКУПНО РЕДОВЕН ПАЗАР** | **171.202.096** | **2.776.649** | **6,78** | **302** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **2.526.521.981** | **40.999.918** | **100,00** | **13.264** |







## 3.4. Блок трансакци

### *3.4.1. Администраторски блок трансакции*

Во 2013 година на Берзата беа пријавени вкупно **30** администраторски блок трансакции во вкупна вредност од **1.132.288.649** денари (околу 18,41 милион ЕВРА). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 18

блок трансакции во вкупна вредност од 763 милиони денари (12,40 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 12 блок трансакции во вкупна вредност од 370 милиони денари (6,00 милиони ЕВРА).

Во продолжение ги презентираме пријавените администраторски блок трансакции по пазарни сегменти во 2014 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Супер котација** | **0** | **0** | **0** |
| | **Берзанска котација** | **688.093.528** | **11.188.513** | **12** |
| | **Задолжителна котација** | **74.410.621** | **1.209.929** | **6** |
| **Редовен пазар** | **Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување** | **0** | **0** | **0** |
| | **Слободен пазар** | **369.784.500** | **6.012.756** | **12** |
| **Вкупно** | | **1.132.288.649** | **18.411.198** | **30** |

### *3.4.2. Системски блок трансакции*

Во 2014 година на Берзата беа склучени вкупно **61** системска блок трансакција во вкупна вредност од **435.719.291** денари (околу 7,08 милиони ЕВРА). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 42 блок трансакции во вкупна вредност од 364,01 милиони денари (5,92 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 19 блок трансакции во вкупна вредност од 71,71 милиони денари (1,17 милиони ЕВРА).

Во продолжение ги презентираме реализираните системски блок трансакции по пазарни сегменти во 2014 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Супер котација** | **36.247.850** | **589.396** | **4** |
| | **Берзанска котација** | **263.776.469** | **4.289.048** | **22** |
| | **Задолжителна котација** | **63.983.561** | **1.040.383** | **16** |
| **Редовен пазар** | **Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување** | **1.660.000** | **26.992** | **1** |
| | **Слободен пазар** | **70.051.411** | **1.139.047** | **18** |
| **Вкупно** | | **435.719.291** | **7.084.867** | **61** |

## 3.5. Јавни берзански аукции

Во текот на 2014 година на Берзата се одржаа вкупно 7 јавни берзански аукции на кои што се понудија акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ и Министерство за финасии на Република Македонија.

На одржаните јавни берзански аукции во 2014 година беа склучени вкупно 35 трансакции и беше остварен промет од 280.343.084 денари (4,55 милиони ЕВРА). При тоа:

- Преку 2 трансакции беа истргувани обични акции на 2 акционерски друштва при што беше остварен промет од 268.792.046 денари;
- Преку 22 трансакции беа истргувани приоритетни акции на 17 акционерски друштва при што беше остварен промет од 9.038.787 денари;
- Преку 11 трансакции беа истргувани уделите во 11 друштва и остварен промет 2.512.251 денари.

## 3.6. Јавни понуди на хартии од вредност

Во текот 2014 година преку Берзата беа спроведени 3 јавни понуди на хартии од вредност, согласно Анекс 3 од Правилата за тргување на Берзата. Јавнатите понуда се однесуваа на акции на издавачот ТТК Банка АД Скопје, Арцелормиттал Скопје ЦРМ АД Скопје и Фустеларко Борец АД Битола (која не резултираше со трансакции).

| Хартија од вредност | Просечна цена | Количина | Вредност МКД | Вредност ЕВРА | Број на трансак ции | Почетен датум на јавна понуда | % на реали-зација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТТК Банка АД Скопје - јавна понуда на хв | 700,00 | 31.336 | 21.935.200 | 355.634 | 7 | 22.10.2014 | 100 % |
| АрцелорМиттал (ЦРМ) Скопје - јавна понуда на хв | 316,00 | 13.630.537 | 4.307.249.692 | 69.826.533 | 1 | 27.10.2014 | 100% |
| **Вкупно** | | | **4.329.184.892** | **70.182.167** | **8** | | |

## 3.7. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека од вкупниот промет остварен на Берзата во 2014 година 1.035.082.052 Денари (16.858.014 Евра) се однесуваат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (23,56% од вкупниот промет), додека 1.327.555.225 Денари (21.617.900 Евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (30,22% од вкупниот промет). Согласно повеќегодишната пракса при изготвувањето и објавувањето на статистичките билтени во прикажувањето на учеството на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет, а заради пореално прикажување на активноста на портфолио инвеститорите, при пресметките се исклучени поголемите блок трансакции и јавни понуди. Од тие причини, за 2014 година вкупниот промет е изразен без јавната понуда на Арцелормиттал Скопје ЦРМ АД Скопје (реализирана во месец октомври).

Во продолжение е презентирана табела за учеството на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет по месеци во 2014 година:

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | I - XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Купување странски физички | 0,62% | 2,44% | 1,11% | 7,10% | 6,88% | 0,75% | 1,55% | 0,79% | 2,84% | 3,90% | 4,09% | 1,53% | 2,27% |
| Купување странски правни | 2,42% | 28,07% | 38,98% | 8,58% | 32,84% | 14,43% | 11,45% | 12,23% | 28,35% | 19,61% | 14,16% | 35,76% | 21,29% |
| **ВКУПНО** | **3,05%** | **30,52%** | **40,09%** | **15,68%** | **39,72%** | **15,18%** | **13,00%** | **13,01%** | **31,19%** | **23,51%** | **18,25%** | **37,29%** | **23,56%** |
| Купување домашни физички | 23,73% | 46,27% | 17,10% | 30,88% | 32,85% | 6,63% | 27,53% | 21,26% | 24,98% | 15,28% | 29,81% | 20,16% | 21,23% |
| Купување домашни правни | 73,22% | 23,21% | 42,81% | 53,44% | 27,43% | 78,19% | 59,47% | 65,73% | 43,83% | 61,21% | 51,94% | 42,55% | 55,21% |
| **ВКУПНО** | **96,95%** | **69,48%** | **59,91%** | **84,32%** | **60,28%** | **84,82%** | **87,00%** | **86,99%** | **68,81%** | **76,49%** | **81,75%** | **62,71%** | **76,44%** |
| Продажба странски физички | 1,29% | 3,65% | 1,92% | 5,65% | 1,44% | 0,25% | 1,32% | 4,20% | 1,87% | 3,85% | 4,94% | 0,75% | 2,02% |
| Продажба странски правни | 19,04% | 59,42% | 47,99% | 4,77% | 33,94% | 27,83% | 7,52% | 3,36% | 17,03% | 25,32% | 13,77% | 44,67% | 28,20% |
| **ВКУПНО** | **20,32%** | **63,07%** | **49,92%** | **10,41%** | **35,38%** | **28,08%** | **8,85%** | **7,56%** | **18,90%** | **29,17%** | **18,71%** | **45,43%** | **30,22%** |
| Продажба домашни физички | 12,24% | 24,84% | 15,72% | 64,51% | 43,92% | 33,06% | 82,82% | 52,78% | 41,17% | 54,33% | 39,26% | 11,42% | 32,75% |
| Продажба домашни правни | 67,44% | 12,09% | 34,36% | 25,07% | 20,70% | 38,86% | 8,33% | 39,65% | 39,93% | 16,49% | 42,03% | 43,16% | 37,03% |
| **ВКУПНО** | **79,68%** | **36,93%** | **50,08%** | **89,59%** | **64,62%** | **71,92%** | **91,15%** | **92,44%** | **81,10%** | **70,83%** | **81,29%** | **54,57%** | **69,78%** |

## 3.8. Индекси на Македонска берза

Македонска берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

### *3.8.1. Македонски Берзански Индекс – МБИ10*

- вредност на МБИ10 на последниот ден на тргување во 2014 година **(30.12.2014)** изнесува **1.844,20** индексни поени, што значи пораст од **6,06%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2013 година (**30.12.2013)** година = **1.738,86** индексни поени),
- највисока вредност на МБИ10 во 2014 година е постигната на **18.11.2014** година (**1.875,68** индексни поени),
- најниска вредност на индексот во 2014 година е постигната на **17.07.2014** година (**1.589,72** индексни поени).




| **Датум на извршена ревизија** | **Вид на ревизија** | **Состав на индексот** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 16.06.2014 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје,<br>Гранит АД Скопје,<br>Алкалоид АД Скопје,<br>Стопанска банка АД Битола,<br>Макпетрол АД Скопје,<br>Македонијатурист АД Скопје,<br>Репелек АД Скопје,<br>Македонски Телеком АД Скопје<br>Фершпед АД Скопје и<br>Скопски Пазар АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.06.2014 година |
| 15.12.2014 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје,<br>Гранит АД Скопје,<br>Алкалоид АД Скопје,<br>Стопанска банка АД Битола,<br>Макпетрол АД Скопје,<br>Македонијатурист АД Скопје<br>Реплек АД Скопје,<br>Македонски Телеком АД Скопје,<br>НЛБ Тутунска банка АД Скопје и<br>Скопски Пазар АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.12.2014 година |

### *3.8.3. Индекс на обврзници - ОМБ*

- вредност на ОМБ на последниот ден на тргување во 2014 година (**30.12.2014**) изнесува **125,15** индексни поени, што значи зголемување од **1,63%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2013 година (**30.12.2013)** година = **124,13** индексни поени),
- највисока вредност на ОМБ во 2014 е постигната на **26.12.2014** година (**126,16** индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2014 е постигната на **27.08.2014** година (**121,31** индексни поени).




| **Датум на извршена ревизија** | **Вид на ревизија** | **Состав на индексот** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 16.06.2014 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | Обврзници за денационализација: RMDEN05, RMDEN06, RMDEN07, RMDEN08, RMDEN09, RMDEN10, RMDEN11 и RMDEN12 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.06.2014 година |
| 22.09.2014 | Вонредна ревизија на индексот ОМБ | Обврзници за денационализација: RMDEN05, RMDEN06, RMDEN07, RMDEN08, RMDEN09, RMDEN10, RMDEN11, RMDEN12 и RMDEN13 | Согласно Методологијата за пресметување на Индексот на обврзници на Македонската берза - ОМБ, имајќи го предвид критериумот за вклучување нов елемент во индексот, односно остварено најмалку 30 дена на тргување како и земајќи предвид дека тргувањето со новоиздадената Тринаесетта  емисија на обврзници за денационализација има доминантно учество во тргувањето со обврзници на Македонската берза, а со цел индексот ОМБ реално да ги прикажува движењата на цените на обврзниците на Македонската берза, Комисијата одлучи Тринаесетта емисија на обврзници за денационализација да биде вклучена во индексот ОМБ. |
| 15.12.2014 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | Обврзници за денационализација:, RMDEN05, RMDEN06, RMDEN07, RMDEN08, RMDEN09, RMDEN10, RMDEN11, RMDEN12 и RMDEN13 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.12.2014 година |

## 3.9. Структура на прометот по членки

Остварениот берзански промет во 2014 година е реализиран преку активностите на сите членки на Берзата (на почетокот на 2014 година на Берзата беа активни 13 членки, додека на крајот на годината останаа 10 активни членки).

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2014 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со хартиите од вредност кои се нуделе на јавните берзански аукции каде е прикажана само куповната страна.

## Учество на членките на Берзата во реализираниот промет и трансакции во 2014 година

| Членка | Членка | Класично тргување | % Класично тргување | Блокови | % Блокови | Јавни берзански аукции | % Јавни берзански аукции | Јавна понуда на ХВ | % Јавна понуда на ХВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 736.111.588 | 14,57 | 690.884.199 | 22,03 | 1.058.465 | 0,38 | 8.614.499.384 | 99,49 | 10.042.553.636 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 112.890.983 | 2,23 | 1.347.176.016 | 42,96 | 2.347.976 | 0,84 | 0 | 0 | 1.462.414.975 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 1.354.185.392 | 26,8 | 24.707.040 | 0,79 | 2.730.492 | 0,97 | 0 | 0 | 1.381.622.924 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 695.217.174 | 13,76 | 668.702.166 | 21,32 | 98.648 | 0,04 | 0 | 0 | 1.364.017.988 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | 824.864.823 | 16,32 | 34.543.514 | 1,1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 859.408.337 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | TN | 553.948.846 | 10,96 | 205.992.530 | 6,57 | 4.330.084 | 1,54 | 0 | 0 | 764.271.460 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 297.880.855 | 5,9 | 115.359.012 | 3,68 | 689.303 | 0,25 | 0 | 0 | 413.929.170 |
| Поштел Брокер АД Скопје | PT | 110.231.823 | 2,18 | 26.778.875 | 0,85 | 268.788.500 | 95,88 | 0 | 0 | 405.799.198 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 166.310.534 | 3,29 | 21.872.528 | 0,7 | 213.516 | 0,08 | 43.870.400 | 0,51 | 232.266.978 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 172.041.268 | 3,4 | 0 | 0 | 86.100 | 0,03 | 0 | 0 | 172.127.368 |
| ЕУРОброкер АД Скопје | EU | 22.414.227 | 0,44 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.414.227 |
| Алта Виста брокер АД Скопје | AV | 3.524.389 | 0,07 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.524.389 |
| Пеон Брокер АД Скопје | PE | 3.422.060 | 0,07 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.422.060 |
| **Вкупно** | | **5.053.043.962** | **100** | **3.136.015.880** | **100** | **280.343.084** | **100** | **8.658.369.784** | **100** | **17.127.772.710** |

**Забелешка:** Алта Виста АД Скопје беше членка на Македонска берза заклучно со 05.02.2014 година;
Пеон Брокер АД Скопје беше членка на Македонска берза заклучно со 19.02.2014 година;
Еуро Брокер АД Скопје беше членка на Македонска берза заклучно со 18.08.2014 година.




Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Комерцијална банка АД Скопје со учество од 58,63%. На второ и трето место се Фершепд Брокер АД Скопје и Илирика Инвестментс АД Скопје со учество од 8,54% и 8,07%, соодветно.

## 3.10. Други активности поврзани со тргувањето

Во текот на 2014 година Берзата редовно ги спроведуваше потребните активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- внес на нови хартии за тргување во трговскиот систем;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, поради достасување на обврзници, поради отворени стечајни постапки над некои друштва и др.);
- распоредување на хартии од вредност по соодветни сегменти согласно известувањата од Комисијата за хартии од вредност за запишување и бришење на акционерски друштва од/во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување по разни основи;
- изготвување и обработка на календар на денови на тргување на Македонска берза за 2015 година;
- изготвување на списокот на сите хартии од вредност со кои се тргува без ценовни ограничувања (статички лимити) и софтверски активности по тој основ;
- подготовка и објавување на годишен статистички билтен и месечни статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност;
- распоредување на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување;
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи за вршење на функцијата поддржувачи на ликвидност.

За сите вакви активности, членките на Берзата беа соодветно известувани преку апликацијата БерзаНЕТ.

Во последниот квартал од 2014 година беа одржани неколку состаноци на Работната група за развој на Правилата за тргување и системот за тргување на Македонска берза АД Скопје, со цел да се разгледаат определени иницијативи во врска со измена во Правилата за тргување на Берзата и БЕСТ системот. Главна тема на состаноците беше изнаоѓање начин за решавање на проблемот во врска со реализација на лимитираните налози, при што беше разгледано воведувањето на „налог по најповолна цена“ за оние клиенти кои се подготвени да му дадат на брокерот дискреционо право да одлучи дали и кога ќе го реализира налогот. Ова решение беше разгледувано и на неколку состаноци со Комисијата за хартии од вредност, која позитивно се изјасни околу воведувањето на оваа новина. Согласно наведеното, на седницата на Одборот на директори на Берзата во декември беше донесена Одлука за измени и

дополнувања на Правилата за тргување во која беа имплементирани решенијата договорени на претходните состаноци на споменатата Работна група и состаноците одржани со Комисијата во следниот правец: прво се доуредува обврската за членката на Берзата да дејствува во најдобар интерес на клиентот, односно да мора да ги преземе сите неопходни активности за извршување на налогот под услови кои се најповолни за клиентот, земајќи ги предвид сите фактори кои се важни за извршувањето на налогот, како цената, трошоците, начинот и брзината на извршување, вредноста и карактеристиките на налогот од клиентот и други околности кои се важни за извршувањето на налогот (од друга страна се воведува и можноста клиентот да даде специфични инструкции за извршување на лимитираниот налог, при што членката треба да утврди посебни процедури за извршување на налозите од клиентите, со кои клиентите треба да бидат запознаени и да се согласат пред да стапат во деловен однос со членката) и второ, воведување на налогот „по најповолна цена", кој ќе биде со следните карактеристики: без дефинирана цена, но дефинирана количина од страна на клиентот; ќе мора да се внесува веднаш во БЕСТ системот без непотребно одлагање, по цена која е во рамките на статичките лимити на определената хартија од вредност, доколку за истата постојат статички лимити на тој ден на тргување; членката на Берзата одлучува дали, кога и по која цена ќе го го реализира налогот; налогот се внесува во БЕСТ системот како лимитиран налог со рок на важност определен од клиентот, но не подолго од 30 дена; реализацијата на налогот по најповолна цена ќе може да се изврши преку вкрстена трансакција со сите видови налози од друг клиент, освен со налог по најповолна цена; нема да може да се вкрсти со налог од членката како принципал и со налог од вработен во членката; неговата реализација нема да е можна преку користење на било кој вид на групна сметка или при реализација на трансакции согласно анексите од Правилата за тргување на Берзата.

## 4. КОТАЦИЈА

### 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2014 година на Официјалниот пазар на Македонската берза беа котирани 116 акционерски друштва со пазарна капитализација од 97,75 милијарди денари како и 12 државни обврзници со пазарна капитализација од 6,61 милијарди денари.

На крајот од 2014 бројот на котираните друштва изнесува 115, со пазарна капитализација од 101,76 милијарди денари, што претставува зголемување за 4,1%. На крајот од 2014 година бројот на котирани државни обврзници остана ист, со пазарна капитализација од 5,68 милијарди денари, што претставува намалување за 14,15%, при што треба да се имаат предвид достасаните ануитети на обврзниците за денационализација, достасувањето на Третата емисија на обврзници за денационализација.

На последниот ден на тргување во 2014 година (30.12.2013 година), од 130 котирани хартии од вредност (обични акции, приоритетни акции и обврзници), 31 се тргуваа во режим на континуирано тргување, додека 99 се тргуваа во режим на аукциско тргување.

### 4.2. Котација на нови хартии од вредност

Одборот на директори на Македонска берза на седницата одржана на 06.08.2014 година донесе Одлука за котација на Тринаесетата емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија, согласно добиено барање и доставен проспект за котација од страна на Министерството за финансии на Република Македонија.

Тринаесетата емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија на Официјалниот пазар на Берзата се тргува почнувајќи од 08.08.2014 година.

## 4.3. Измени на Правилата за котација на Берзата

Почнувајќи од 19.11.2014 година започна примената на измените и дополнувања на Правилата за котација на Македонска берза АД Скопје, согласно Одлуката бр.02-1601/1 донесена од страна на Одборот на директори на Берзата на ден 30.10.2014 година, за која е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност на РМ со Решение бр.УП1 08-100 од 18.11.2014 година.

Измените и дополнувањата на Правила за котација направени се во следниве насоки:

- Друштвата котирани на подсегментот Берзанска котација и Супер котација покрај постоечките обврски за објавување на одредени предлог одлуки заедно со јавниот повик, со овие измени се дополнува барањето за објава на предлог одлуки за големи зделки и зделки со заинтересирана страна како и обврската друштвата да ги објават сите материјали за Собрание на акционери најмалку 7 дена пред денот на одржување на Собранието на акционери. За сите котирани друштва се воведе обрската за објавување на сите преостанати одлуки од Собранието на акционери во рок од 7 дена по усвојувањето од Собранието на акционери
- Во насока на допрецизирање на обврските за известување во членовите 33, 34 и 36 од Правилата за котација се изврши следново доуредување: се дополнија обврските за известување за вложувањата во друштва во кои издавачот има значајно или мнозинско учество, се изврши прецизирање на настанувањето на обврската за известување на нови инвестиции, допрецизирање на обврската за известување при потпишување или раскинување на значаен договор, допрецизирање на одредбите за извршен откуп на сопствени акции со обврска, дополнување на барањето за објавување на бруто дивидендата по акција.
- За издавачите кои се наоѓаат на Супер котација и Берзанска котација се предвиде задолжително објавување на образложение кон неревидираните полугодишни и годишни финансиски извештаи со следниве податоци за: промените во сметководствените политики и методи на вреднување, остварените вкупни приходи и расходи, исплатата на дивиденди, вложувањата и/или продажбата на материјални средства или значителен отпис; промени во кредитните задолжувања и појаснувања кон исполнување на планот и очекувања за претстојниот период.
- Со измените на Правилата се усогласи текстот на Правилата за котација со Толкувањето на член 41 став (8) од претходните Правила за котација на Одборот на директори донесен на 29.07.2013 година.
- Со измените, согласно заклучокот на Одборот на директори и дискусиите со Комисијата за хартии од вредност се воведе обврската Одборот на директори да донесе соодветна одлука со која се уредува донесување на соодветна методологија за случаите на неисполнување на обврските од Правилата за котација од страна на друштва котирани на подсегментот Задолжителна котација. Одборот на директори на седницата одржана на ден 30.10.2014 година донесе Одлука за утврдување на критериумите, начинот и постапката за опоменување на издавачи котирани на подсегментот Задолжителна котација и известување на Комисијата за хартии од вредност.

## 4.4. Преземени мерки согласно Правилата за котација

### *4.4.1. Преземени мерки кон котирани друштва на подсегментите Супер и Берзанска котација*

- Исклучување од котација на акциите издадени од ЕМО АД Охрид од посегментот Берзанска котација и нивно префрлување на подсегметот Задолжителна котација

  Одборот на директори на Македонска берза на седницата одржана на 13.06.2014 година донесе одлука за исклучување од котација на акциите издадени од ЕМО АД Охрид од подсегментот Берзанска котација и нивно префрлање на котација на подсегментот Задолжителна котација во рамките на Официјалниот пазар, согласно член 54 став 6 од Правилата за котација на Македонска берза. Исклучувањето на акциите издадени од издавачот ЕМО АД Охрид се изврши поради

неисполнување на обврските за објавување на финансиски извештаи согласно член 40 од Правилата за котација на Македонска берза АД Скопје. Акциите издадени од ЕМО АД Охрид се префрлени на подсегментот Задолжителна котација во рамките на Официјалниот пазар на Берзата почнувајќи од 18.06.2014 година.

- Исклучување од котација на акциите издадени од Топлификација АД Скопје од посегментот Супер котација и нивно префрлување на подсегметот Берзанска котација

  Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје на седницата одржана на 14.08.2014 година донесе одлука за префрлање на акциите издадени од Топлификација АД Скопје од подсегментот Супер котација на подсегментот Берзанска котација на Официјалниот пазар на Македонската берза, согласно член 51, став 1, алинеа 4 од Правилата за котација. Одборот на директори на Македонска берза ја донесе одлуката поради неисполнување на постојаните обврските за известување согласно Глава VI од Правилата за котација на Берзата. Акциите издадени од Топлификација АД Скопје се префрлени на подсегментот Берзанска котација на Официјалниот пазар на Македонска берза почнувајќи од 20.08.2014 година.

- Изречени опомени

  - На седницата одржана на 31.03.2014 година Одборот на директори ја разгледа Информацијата за непостапување согласно Правилата за котација од страна на котирани друштва на Официјалниот пазар и заклучи да се испратат опомени за ненавремено објавување на неревидирани годишни финансиски извештаи за 2013 на друштва котирани на подсегментот Берзанска котација, согласно член 40 став 2 од Правилата за котација, на друштвата: Скопски Пазар АД Скопје, Макотекс АД Скопје, Дуропацк АД Скопје, Тутунски комбинат АД Прилеп, Интернешнел Хотелс АД Скопје, ЕМО АД Охрид и ОХИС АД Скопје.
  - Одборот на директори на Македонската берза АД Скопје на седница одржана на 13.06.2014 година на друштвото РЖ Интер-Трансшпед АД Скопје, котирано на подсегментот Берзанска котација на Официјалниот пазар, му изрече мерка опомена заради необјавување на јавниот повик за одржување на Собрание на акционери најмалку 21 ден пред денот на одржување, како и заради необјавување на содржината на предлог-одлуките заедно со јавниот повик преку интернет апликацијата за известување од страна на котираните друштва СЕИ-НЕТ.

*4.4.2. Преземени мерки кон котирани друштвана подсегментот Задолжителна котација*

- Одборот на директори на Берзата изрече мерка Опомена за непочитување и неисполнување на обврските од Правилата за котација во делот поврзан со известувања за Собрание на акционери на следиве друштва:
  - согласно член 39 став (1) од Правилата за котација на: Јака 80 АД Радовиш, Силекс АД Кратово, Пелистерка АД Скопје и Благој Туфанов АД Радовиш
  - согласно член 39 став (3) од Правилата за котација на Бетон АД Штип
  - согласно член 39 став (6) од Правилата за котација на Јака 80 АД Радовиш
  - согласно со член 39 став (7) од Правилата за котација на: Јака 80 АД Радовиш, Силекс АД Кратово, Јака 80 АД Радовиш, Силекс АД Кратово, ТЕАЛ АД Тетово, Трикотажа Пелистер АД Битола, МЗТ Пумпи АД Скопје, Бетон АД Штип, Оранжерии Хамзали АД Струмица, Современ дом АД Прилеп, Авиоимпекс АД Скопје, ГД Тиквеш АД Кавадарци и Жито Караорман АД Кичево, Агроплод АД Ресен, АрцелорМиттал (ЦРМ) АД Скопје, АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје, Благој Туфанов АД Радовиш, Герас Цунев Трговија АД Струмица, Герас Цунев Конфекција АД Струмица, Вабтек МЗТ АД Скопје, ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово

- согласно член 39 став (8) од Правилата за котација на: Благој Туфанов АД Радовиш и Силекс АД Кратово
- согласно член 40 став (1) од Правилата за котација на Силекс АД Кратово

➢ Согласно Одлуката на Одборот на директори донесена на 30.10.2013 година за пренесување на овластување од Одборот на директори на Главниот извршен директор на Македонска берза АД Скопје за изрекување опомени кон издавачите котирани на подсегментот Задолжителна котација, испратени се опомени во следниве случаи:
  - за ненавремено објавување на неревидираните финансиски извештаи за периодот 01.01.-31.12.2013, согласно член 40 став 3 алинеја 2, од Правилата за котација, на друштвата: Благој Ѓорев АД Велес, Струмица табак АД Струмица, Благој Ѓорев АД Велес, Струмица табак АД Струмица, Вабтек МЗТ АД Скопје, АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје, АрцелорМиттал (ЦРМ) АД Скопје, Благој Туфанов АД Радовиш, Велестабак АД Велес, Единство АД Тетово, Кланица со ладилник АД Струмица, Макпромет АД Штип, Нова стоковна куќа АД Струмица, Оранжерии Хамзали АД Струмица, Сигурносно стакло АД Прилеп, Трготекстил малопродажба АД Скопје, Фабрика Карпош АД Скопје, ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово и Жито Вардар АД Велес.
  - за ненавремено објавување на неревидираните биланси на успех за периодот 01.01.-31.03.2014, согласно член 40 став 2 алинеја 1, од Правилата за котација, на друштвата: Велестабак АД Велес, Единство АД Тетово, ЖАС АД Скопје, Трансбалкан АД Гевгелија и Жито Вардар АД Велес.
  - за ненавремено објавување на неревидираните финансиски извештаи за периодот 01.01.-30.06.2013, согласно член 40 став 3 алинеја 1, од Правилата за котација, на друштвата: АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје, АрцелорМиттал (ЦРМ) АД Скопје, Благој Туфанов АД Радовиш, Велестабак АД Велес, Јака 80 АД Радовиш, ЕМО АД Охрид и Жито Вардар АД Велес
  - за ненавремено објавување на неревидираните биланси на успех за периодот 01.01.-30.09.2014, согласно член 40 став 2 алинеја 2, од Правилата за котација, на друштвата: Благој Туфанов АД Радовиш, Ветекс АД Велес, ЕМО АД Охрид, Жито Вардар АД Велес, Жито Скопје АД Скопје, Јака 80 АД Радовиш, Карбо Нова АД Крива Паланка, Сигурносно стакло АД Прилеп и Трикотажа Пелистер АД Битола.

Согласно член 51 став (5) од Правилата за котација, Берзата ја извести Комисијата за хартии од вредност за изречените опомени кон издавачите котирани на подсегментот Задолжителна котација.

## **<u>4.5. Исклучување од котација на хартии од вредност</u>**

### *4.5.1. Исклучување од котација на акции*

Поради достасување на 31.05.2014 беше отстранета од тргување Обврзница за денационализација од третата емисја на обврзници (со шифра на тргување RMDEN03) издадена од Република Македонија.

### *4.5.2. Исклучување од котација на акции*

Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 26.09.2014 година донесе одлука за исклучување од котација на акциите издадени од Единство АД Тетово, заради припојување кон друго друштво и бришење на Единство АД Тетово од трговскиот регистар. Акциите издадени од Единство АД Тетово се исклучени од котација на подсегментот Задолжителна котација почнувајќи од 30.09.2014 година.

## 4.6. Објавени известувања преку СЕИНет

Освен постапувањето по обврската за објавување на финансиски извештаи, котираните друштва во текот на 2014 година објавија вкупно 675 информации поврзани со собранието на акционери и одлуки на органите на управување на друштвата и 430 други ценовно чувствителни информации.

Од аспект на објавувањето на ревидираните финансиски извештаи од страна на котираните друштва, во текот на 2014 година, во вкупно 134 објави на СЕИ-НЕТ, сите котирани друштва ја исполнија обврската за објавување на целосните ревидирани годишни финансиски извештаи за 2013 година, освен Јака 80 АД Радовиш и Жито Скопје АД Скопје.

Во поглед на обврската за објавување на периодични неревидирани биланси на успех и финансиски извештаи согласно Правилата за котација, направени се вкупно 602 поединечни објави на СЕИ-НЕТ.

## 4.7. Останати активности во врска со котацијата

*4.7.1 Унапредување на финансиското изветување кај котираните друштва*

Со цел понатамошно техничко усовршување, модернизација и усогласување со актуелните практики во областа на финансиското известување, како и олеснување на оваа активност за котираните друштва, Македонска берза направи прилагодување на билансните шеми на финансиските извештаи кои ги доставуваат нефинансиските друштва со “Правилникот за формата и содржината на Годишната сметка (сл. весник 52/2011)” и “Правилникот за водење на сметководство (Службен весник на РМ бр. 159/09, 164/10 и 107/11)” со кој се пропишува водењето на сметководството на друштавата согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување донесени од Министерството за финансии на Република Македонија. Берзата исто така за банките и осигурителните друштва котирани на Официјалниот пазар, овозможи објавување на финансиски извештаи согласно билансните шеми пропишани од Агенцијата за супервизија на осигурувањето на Република Македонија со “Правилникот за формата и содржината на билансните шеми и детална содржина на Годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување (Службен весник на РМ бр 5/2011)” и “Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките (Службен весник на РМ бр. 119/10)” пропишани од Народната банка на Република Македонија.

Финансиските извештаи се подготвени во Excel датотеки и истите се соодветно заштитени со цел да задржи целобразноста и споредливоста на финансиските извештаи. Воедно направен е и посебен софтвер со кој автоматски се вчитуваат и запишуваат податоците од финансиските извештаи во базата на Македонската берза АД Скопје.

Котираните друштва почнувајќи со објавувањето на неревидираните биланси на успех за периодот 01.01.-31.03.2014 година, финансиските извештаи ги објавуваат согласно прилагодените биланси шеми на Берзата и со помош на новиот софтвер.

*4.7.2 Доделување на годишна награда „Кристално ѕвоно”*

Во насока на продолжување на воспоставената пракса на Берзата за доделување на годишната награда „Кристално ѕвоно” на најтрансапрентното котирано акционерско друштво во Република Македонија, а со цел уште поголема објективност и пошироко инволвирање на повеќе релевантни преставници во изборот, Одборот на директори усвои нова Методологија за избор на најтранспарентни акционерски друштва котирани на Македонска берза АД Скопје, во која се менува начинот и постапката на оценување и наместо досегашната една награда се воведуваат награди за трите прворангирани котирани друштва.

Изборот на добитниците на наградата за најтранспарентни котирани друштва се изврши согласно добиените мислења од страна на преставници на следниве две целни грипи: „Јавност“, во која влегуваат

претставници на медиумите и експерти од областа на финансиите и „Пазарни учесници“, во која влегуваат претставници на членките на Берзата, претставници на институционалните инвеститори и претставници на Берзата.

Согласно оцeнките на Изборната комисија од вкупно котираните 116 акционерски друштва, за најтранспарентни котирани друштва на Македонската берза за 2013 година се избраа: Алкалоид АД Скопје, Комерцијална Банка АД Скопје и Македонски Телеком АД Скопје.

## 5. ЧЛЕНСТВО

### 5.1. Членки на Берзата

Македонска берза АД Скопје 2014 година ја започна со вкупно 13 членки, но во текот на годината, по претходно доставени известувања до Берзата за доброволно истапување од членство, на три членки трајно им престана членството во Берзата. Како резултат на тоа на крајот од 2014 година вкупниот број членки на Берзата изнесува 10, од кои 4 се банки, а 6 се брокерски куќи.

Состојбите со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје во текот на 2014 година се презентирани во следнава табела:

| **Состојби со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје** | | | |
|---|---|---|---|
| • Број на членки на Берзата на почеток на 2014 година<br>• Број на овластени брокери на почетокот на 2014 година | | | **13**<br>**45** |
| | | | |
| Привремено исклучување од членство | *Назив* | *Датум на привремено исклучување од членство* | *Датум на повторно стекнување на статусот на членка* |
| | Илирика Инвестментс АД Скопје | 28.01.2014 | 18.02.2014 |
| | | | |
| Трајно исклучување од членство (по претходно доставено барање од членките за доброволно истапување од членство) | *Назив* | *Датум на трајно исклучување од членство* | *Шифра за тргување* |
| | Алта Виста Брокер АД Скопје | 05.02.2014 | АВ |
| | ПЕОН Брокер АД Скопје | 19.02.2014 | ПЕ |
| | Еуро Брокер АД Скопје | 15.08.2014 | ЕУ |
| | | | |
| • Број на членки на крај на 2014 година<br>• Број на овластени брокери на крајот на 2014 година | | | **10**<br>**38** |

Во продолжение е презентирана листа на членки на Македонска берза АД Скопје, со состојба на ден 31.12.2014 година:

| ЧЛЕНКА | ШИФРА |
|---|---|
| 1. Еурохаус АД Скопје | ЕХ |
| 2. Фершпед Брокер АД Скопје | ФР |
| 3. Инвестброкер АД Скопје | МИ |
| 4. Илирика Инвестментс АД Скопје | ИЛ |
| 5. Иново Брокер АД Скопје | ИН |
| 6. Комерцијална банка АД Скопје | КБ |
| 7. НЛБ Тутунска банка АД Скопје | ТН |
| 8. Поштел Брокер АД Скопје | ПТ |
| 9. Стопанска банка АД Скопје | СБ |
| 10. ТТК Банка АД Скопје | ТК |

## 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на 2014 година, Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност, чија крајна цел беше одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност.

Првенствено, оваа активност подразбира редовно вонтеренско следење на тргувањето на Берзата и вонтеренска контрола на членките на Берзата и воочување на евентуални вонредни пазарни состојби, а врз основа на тоа и соодветни интервенции на Берзата во одредени ситуации.

Исто така, врз основа на Програмата за работа на Македонска берза АД Скопје за 2014 година, во која, во рамките на извршувањето на редовните активности поврзани со надзорот, беше предвидено контролите на членките на Македонската берза во текот на 2014 година да се вршат и преку теренска контрола на членките на Берзата, при што, со оглед на намалениот број членки беше предвидено предмет на контролата да бидат сите членки на Берзата.

Секторот за деловни операции изготви Предлог-План за контроли и во периодот од мај до ноември 2014 година беа спроведени теренски контроли врз 10 членки на Македонската берза.

За спроведените контроли беа изготвени записници, и истите, во предвидениот рок, беа доставени до членките на Берзата. Берзата подготви Извештај за извршените контроли и истиот беше разгледан од страна на Одборот на директори на Берзата на седницата одржана во месец Ноември.

Берзата до 7 членки испрати писмени известувања во кои беше укажано на потребата од подобрување на уредноста во работењето на членките и доследно применување на одредбите од актите на Берзата и прописите од областа на тргување со хартии од вредност, а на една членка и беше доставена инструкција согласно член 10 од Правилата за однесување и дисциплина на Берзата со цел преземање соодветни мерки и активности за отстранување на утврдени неусогласености во нејзиното работење.

## 7. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во рамките на нејзиното нормативно работење во текот на 2014 година, сумарно се прикажани преку следните области:

### 7.1. Изменување и дополнување на важечки акти на Берзата и донесени нови акти

Со цел усогласување со измените и дополнувањата на законските прописи, како и подобрување на постоечките акти на Берзата од аспект на појасна и поефикасна имплементација на истите од страна на субјектите на кои се однесуваат и подобро организирање на секундарниот пазар на хартии од вредност, во текот на 2014 година беа направени измени во неколку акти на Берзата, и беа донесени неколку нови интерни акти. Измените на постоечките акти на Берзата кои беа донесени од страна на Одборот на директори на Берзата, беа предмет на одобрување од страна на Комисијата за хартии од вредност и беа донесени соодветни решенија со кои Комисијата даде согласносот на измените.

#### *7.1.1 Измени во Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата*

Во текот на извештајниот период, Одборот на директори на Берзата донесуваше одлуки за измена и дополнување на Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата и тоа на почетокот и кон крајот на 2014 година.

Со измените на Тарифникот во почетокот на година се интервернираше во делот реализација на јавна понуда на хартии од вредност преку берза, при што се направи поделба на надоместоците за јавна понуда на хартии од вредност и иницијална понуда на хартии од вредност. Во однос на иницијалните јавни понуди, се воведе надоместок на продажна страна во висина во 5.000 денари, додека куповната страна при иницијалните јавни понуди беше ослободена од надоместоци.

Во однос на измените на надоместоците за јавна понуда на хартии од вредност кои произлегоа од актуелната нормативна и организациона структура на којашто се базира примарниот пазар за хартии до вредност во Република Македонија, како и поради констатираната потреба од изнаоѓање на оптимално решение за надминување на тековната небалансираност на цените на услугите на пазарните институции во овој сегмент, беа остварени серија консултации и координации помеѓу регулаторот и инфраструктурните институции на пазарот на хартии од вредност, со цел системско решавање на овие состојби. При тоа, со цел урамнотежено распоредување на трошоците на сите субјекти - учесници на примарниот пазар и соодветно финансирање на потребната пазарна инфраструктура, како најцелисходно произлезе Берзата, да предвиди зголемување на надоместокот од продажна страна од 0,01% на 0,1% од вредноста на запишаните хартии од вредност.

Оттука, Одборот на директори на Берзата донесе Одлука со која се превиде надоместок при реализација на јавна понуда на хартии од вредност на продажна страна во висина од 0,1% од вредноста на запишаните хартии од вредност, на која е дадена согласност од Комисијата за хартии од вредност.

Кон крајот на годината, на седницата одржана на 28.11.2014 година, беа направени измени во Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата кои во најголема мера се однесуваа на надоместоците поврзани со дистрибуција на берзански податоци во насока на дистинкција помеѓу домашни и странски дистрибутери, воведување нови износи на надоместоци за странските дистрибутери, како и воведување на нови продукти согласно актуелните меѓународни стандарди за дистрибуција на берзански податоци. Најголем дел од измените во делот на надоместоци за дистрибуција на берзански податоци произлегоа од предлозите и укажувањата на Виенска берза, која е партнер на Македонската берза во доменот на дистрибуција на берзански информации. Исто така, со измените на Тарифникот се воведе и одредба која определува дека членките кои со Берзата имаат склучено договор за поддржувач

на ликвидноста за одредена хартија од вредност го плаќаат износот на надоместокот за тргување намален за 40% за сите трансакции при класично тргување (освен сите видови блок трансакции) во кои членките настапуваат како поддржувачи на ликвидност, со цел нивно мотивирање за поактивно превземање на оваа улога на пазарот.

### *7.1.2 Измени на Правилата за котација на Берзата*

Во текот на 2014 година продолжија контунуираните заложби на Берзата за подигнување на стандардите за објавување на ценовно чувствителни информации од страна на котираните друштва и полесно имплементирање на одредбите од Правилата за котација, кои резултираа во донесување на одлука од страна на Одборот на директори за измени на Правилата. Измените во Правилата за котација се однесуваа воглавно на обврските на котираните друштва за објавуви од собранијата на акционери и објави на финансиски извештаи, допрецизирање на обврските за известување поврзани со деловното работење, финансиската состојба и објавувањето на дивиденден календар, дополнување на условите за котација на акции на берзанска котација и барањата во проспектот за котација на хартии од вредност, воведување на методологија за утврдување на критериуми, начин и постапка за опоменување на издавачите на задолжителна котација и известување на Комисијата за хартии од вредност за тоа, воведување на нови урнеци за објавување преку СЕИ-Нет апликацијата и други измени во насока на подобрување на текстот на Правилата. Со измените на Правилата за котација, а по претходно укажување од страна на Министерставото за финансии на Република Македонија, се воведе и можноста за котација на сертификати на депозити со цел уредување на тргување со овие хартии од вредност.

### *7.1.3 Измени на Правилата за тргување на Берзата*

Измените во Правилата за тргување кои беа направени на крајот од 2014 година произлегоа од потребата за измена на регулаторниот третман на користењето на лимитираните налози и начинот на нивното извршување, на која во изминатиот период во повеќе наврати укажуваше брокерската заедница, пред се’ од аспект на задоволување на барањата и инструкциите на клиентите. За таа цел, после направените анализи од страна на Работната група за развој на Правилата за тргување и системот за тргување на Берзата, Одборот на директори ги прифати предложените решенијата согласно кои се воведе опцијата за специјални инструкции кај лимитираните налози и се воведе нов вид на налог т.н. налог по најповолна цена и беа подетално пропишани спецификите и условите како можат да се користат овие видови на налози. Со измените во Правилата за тргување се напрви и измена во Анексот 2, со која се овозможи Комисијата за хартии од вредност да се јави во својство на продавач на акции по пат на јавни берзански аукции согласно измените на Законот за преземање на акционерски друштва.

Одлуката со која се направија овие измени и дополнувања на Правилата за тргување беше доставени до Комисјата за хартии од вредност за согласност, но до крајот на извештајниот период не е добиена согласност од Комисијата

### *7.1.4 Измени на Сметководствените политики на Берза*

Со воведување на концептот за задолжителна котација во текот на 2013 година значително се зголеми бројот на котирани друштва на Официјчаниот пазар на Берзата. Имајќи ги предвид досегашните искуства на Берзата со определени котирани компании, како и првите искуства со новокотираните компании од подсегментот Задолжителна коатција, со процесот на задолжителна котација се очекуваше дека ќе се зголеми бројот на друштва коишто нема редовно да го подмируваат годишниот надоместок за котација спрема Берзата. Оттука, се наметна потребата од измени во Сметководствените политики на Берзата во делот на исправка на вредност на побарувањата постари од една година, со цел модерирање на ефектите кои овие ненаплатени побарувања би ги имале на финасиските резултати на Берзата во иднина. Со Одлука за измена на сметководствените политики се предвиде дека за сите побарувања кои се доспеани и постари од три години се врши исправка на вредност во износ од 100%, за побарувања со старост од 2 до 3 години се врши исправка од 75% и за побарувања со старост од 1 до 2 години од 50% од нивната номинална вредност.

*7.1.5 Измени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни место на Берзата*

Со цел зголемување на ефикасноста и флексибилноста во извршување на работните задачи, беа направени измени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места на Берзата во однос на една работна позиција.

*7.1.6 Донесување на План за континуитет во работењето на Берзата*

После донесувањето на Прелиминарен план за обезбедување на континуитете во работењето на Берзата пред неколку години и преземење на активности предвидени во истиот, особено во делот на изнаоѓање на резервна локација на Берзата и тестирање на работењето на Берзата од резервната локација, Одборот на директори на Берзата во текот на 2014 година усвои План за обезбедување на континуитет во работењето на Македонска берза АД Скопје. Основна цел на овој План е разумно гарантирање на непреченото одвивање на критичните деловни операции и минимизирање на евентуалната штета која би ја претрпела Берзата преку активно и превентивно спроведување на дејствија и мерки со кои ќе се намалат ризичните ефекти кои можат да бидат предизвикани во случај на значително пореметување во одвивањето на критичните деловни операции.

*7.1.7 Донесување на План за архивски знаци и Листи на архивски и документиран материјал*

Со цел усогласување на архивското работење на Берзата со Законот за архивски материјал и Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење, Берзата изготви План за архивски знаци и Листи на архивски и документиран материјал, во кои подетално е опишан и разработен начинот на архивирање на документите, нивното класифицирање по содржина и важност и е определен рокот на нивното чување. Планот за архивски знаци и Листите на архивски и документиран материјал на Берзата беа доставени до Државниот архив на Република Македонија во законскиот рок.

## 7.2. Седница на Собранието на акционери

На 21.05.2014 година беше одржана Годишната седница на Собранието на акционери на Берзата, на кое беа усвоени: Годишниот извештај за работа на Македонската берза АД Скопје за 2013 година, Извештајот за работа на Одборот на директори за 2013 година, Финансиските извештаи за 2013 година и Програмата за работа на Македонската берза АД Скопје за 2014 година. Воедно, Собранието на акционери на Берзата ги донесе следните одлуки: Одлука за усвојување на годишната сметка на Македонска берза АД Скопје за 2013 година, Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје во 2013 година, Одлука за распоредување на добивка по Годишна сметка за 2013година и Одлука за одобрување на зделка со заинетерсирана страна. Согласно одредбите од Законот за трговски друштва, на акционерите на Берзата им беше доставен Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Берзата.

## 7.3. Комуникација со Комисијата за хартии од вредност

*7.3.1. Редовна контрола од страна на Комисијата*

Во текот на извештајниот период, Комисијата за хартии од вредност достави до Берзата Записник од редовната контрола на работењето на Берзата во 2013 година, спроведена на 12.12.2013 година, во кој не

беше констатирана било каква неусогласеност на работењето на Берзата со Законот за хартии од вредност и подзаконската регулатива на Комисијата за хартии од вредност.

*7.3.2. Вонредна контрола над работењето на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност со цел утврдување на пазарната капитализација*

На 15.01.2014 година Комисијата за хартии од вредност спроведе вонредна контрола на работењето на Македонска берза АД Скопје со цел утврдување на вкупната пазарна капитализација на сите сегменти на пазарот на хартии од вредност на последниот ден на тргување во 2013 година, како основ за плаќање на надомест за надзор согласно важечкиот Тарифник на Комисијата за хартии од вредност. Врз основа на спроведената контрола, Комисијата за хартии од вредност изготви Записник бр.08-29/2 согласно кој Берзата треба да плаќа месечен регулаторен надоместок на Комисијата во текот на 2014 година во износ од 892.947,00 денари.

*7.3.3. Посредна вонредна контрола од страна на Комисијата за хартии од вредност*

Во текот на 2014 година, Комисијата за хартии од вредност спроведе посредна вонредна контрола над работењето на Берзата во врска со постапувањето на Берзата согласно одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва при објавување на блок трансакциите со акциите издадени од издавачот Агрокуманово АД Куманово. Имено, на ден 05.06.2014 година до Берзата беше доставен "Записник од посредната вонредна контрола на блок трансакциите со акции на издавачот Агрокуманово АД Куманово од аспект на почитување на одредбите на Законот за преземање на акционерски друштва пријавени од страна на Македонска берза АД Скопје" бр.08-890/17 од Комисијата за хартии од вредност. Во Записникот беше утврдена фактичка состојба од контролата, цитирани се одредби од материјалниот закон и подзаконските акти кои овластените лица за спроведување на контролата сметале дека се повредени при објавувањето на блок трансакциите со акциите издадени од Агрокуманово АД Куманово.

Врз основа на член 17, став 6 од Правилникот за начинот и постапката за вршење контрола на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, на 12.06.2014 година Берзата поднесе Приговор на Записникот бр.08-890/17 во кој беа истанати забелешки од формален и суштински карактери, како и аргументи во прилог на ставот на Берзата дека имајќи ги предвид функциите и овластувањата на Берзата утврдени во Законот за хартии од вредност, одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва коишто директно се однесуваат на Берзата, како и актите на Берзата, не постои конкретна и недвосмислена одредба која предвидува надлежност за Берзата за оценување на усогласеноста на пријавените блок трансакции од страна на нејзините членки со одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва. Воедно, во Приговорот беше истакнао дека наодот во Записникот е неприфатлив за Берзата и беше побарано Комисијата за хартии од вредност да ги има предвид ставовите и мислењата на Берзата изнесени во Приговор при понатамошното одлучување.

На ден 26.09.014 година до Берзата беше доставен Одговор на Комисијата за хартии од вредност на Приговорот кој Берзата го достави до Комисијата во врска со Записник од посредната вонредна контрола на блок трансакциите со акции на издавачот Агрокуманово АД Куманово, со кој Приговорот на Берзата се одбива, со истовремено укажување на Берзата во иднина при објавување на администраторски блок трансакции да се имаат предвид одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва. Освен оваа кореспонденција, Комисијата не презеде никакви мерки во врска со постапувањето на Берзата во овој случај.

*7.3.4. Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти*

Во текот на 2014 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот. Воедно, покрај редовната комуникација, во текот на извештајниот период Берзата доставуваше

други дополнителни дописи и известувања до Комисијата, како на барање на Комисијата за хартии од вредност, така и на своја иницијатива.

## 7.4. Доставување одговори на поднесени барања и дописи

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања во општа управна постапка од надлежните органи и институции, како и од физички лица, кои во текот на извештајниот период во повеќе наврати се обраќаа до Берзата, претежно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## 7.5. Други нормативни активности

### *7.5.1. Активности во врска со регионалниот проект за пренасочување на налози за тргување и обезбедено финансирање од Европската банка за обнова и развој*

Во текот на 2014 година продолжија активностите поврзани со регионалниот проект за пренасочување на налози за тргување, финансиран од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), во кој освен Македонската берза учествуваат и берзите од Загреб и Софија. Со цел заедничко аплицирање и користење на грантот од ЕБОР за потребите на проектот, како и лимитирање на постоечките ризици од овој деловен и стратегиски потфат, берзите-учеснички договорија да формираат заедничка компанија во форма на друштво со ограничена одговорност преку заедничко партиципирање со соодветен паричен влог во неговата основна главнина. За таа цел, Одборот на директори на Берзата донесе Одлука за одобрување на стапување на Македонска берза АД Скопје во правниот промет во својство на основач-содружник во друштвото со ограничена одговорност, при што се одобри износ во висина до 27.000 евра за учество на Берзата во основачкиот влог на друштвото. Согласно договореното помеѓу берзите учеснички во регионалниот проект, друштво СЕЕ ЛИНК ДОО Скопје се формираше во текот на месец Април, со седиште во Република Македонија.

Во останатиот период од годината, следуваа активности поврзани со потпишување на договорот за грантот со ЕБОР во текот на месец Јули, избор на проект менаџер и формирање на проектни тимови кои отпочнаа со поконкретни активности околку планираното пренасочување на налозите за тргување.

Одборот на директори на Берзата беше навремено информиран за сите околности и активности во врска со регионалниот проект и даваше соодветни насоки за постапување на Берзата.

### *7.5.2. Усвоен полугодишен извештај за работењето на Дирекцијата за внатрешна ревизија*

Согласно законските одредби, на седницата на Одборот на директори на Берзата одржана на 26.09.2014 година, неизвршните членови на Одборот на директори, во својство на надзорен орган на Берзата го разгледаа Полугодишниот Извештај за работење на Дирекцијата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.2014 – 30.06.2014 година. Во извештајот се опфатени извршените поединечни ревизии во текот на првото полугодие во 2014 година врз основа на метод на репрезентативен примерок на ревидираниот материјал избран по случаен избор и увид во документацијата поврзана со одредени активности од работењето на овие дирекции. Во врска со преземените ревизорски активности во првата половина од 2014 година и утврдените состојби и факти, како што е наведено во извештајот, постои разумно уверување дека обезбедувањето на тајност за заштита на личните податоци, како и водењето на регистри од страна на Берзата се врши во согласност за законските и подзаконските акти и интерни процедури, во строго пропишани постапки и режими на постапување, со цел обезбедување највисок степен на доверливост, сигурност и точност на податоците. Во рамките на спроведените ревизорски активности не е утврден ниеден случај на грешка или пропуст од човечки или технички карактер, ниту е утврден случај

на злоупотреба, неовластено постапување или изложување на ризик од страна на вработените во организационите единици на Берзата каде што беше спроведена ревизијата.

*7.5.3. Судски и нотарски постапки*

На почетокот на годината, после исполнувањето на законските услови за конечност и правосилност на Пресудата ПЛС-ТС.бр.105/13 од 28.05.2013 на Основниот суд Велес, Берзата поднесе барање за извршување против должникот Жито Вардар АД Велес до извршител, кое подоцна беше повлечено поради целосна наплата на побарувањето од должникот Жито Вардар по пат на цесија.

Барање за извршување беше доставено и до извршител во Охрид против должникот ЕМО АД Охрид, кое подоцна беше прецизирано поради делумна наплата на истото.

Во текот на овој извештаен период, после објавите во Службен весник на Република Македонија за отворање на стечајна, односно ликвидациона постапка, Берзата го пријави своето побарување во стечајна постапка спрема должникот Табак АД Охрид и пријави побарување во ликвидационата постапка спрема должникот ПЕОН Брокер АД Скопје.

На ден 16.09.2014 година, по претходно доставена покана од Основното јавно обвинителство во Скопје, претставник на Берзата даде исказ во име на Берзата во својство на сведок во кривичниот предмет против вработени во членка на Берзата и други лица.

Во втората половина на година, Берзата достави нотарски предлози за извршување врз основа на веродостојна исправа против друштвата ОХИС АД Скопје, РЖ Услуги АД Скопје и Жито Вардар АД Велес, поради неплатени надоместоци за котација за 2013 година. Побарувањето на Берзата од РЖ Услуги АД Скопје беше целосно наплатено непосредно после поднесување на нотарскиот предлог, поради што нотарската постапка беше запрена. После истекот на законските рокови за поднесување приговор на нотарското решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, решението против друштвото ОХИС АД Скопје стана правиослино и извршно, а поради поднесен приговор на нотарското решение од страна на Жито Вардар АД Велес целиот случај беше префрлен во Основниот суд Велес за понатамошно постапување и беше донесена Пресуда бр.МАЛВПЛ1-ТС-52/14 на ден 11.12.2014 година, со која се одбива приговорот на друштвото Жито Вардар АД Велес и се потврди нотарското решение во корист на Берзата.

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО МОЖНА ПРОДАЖБА НА ДЕЛ ОД ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР НА БЕРЗАТА

Во текот на првата половина од годината, по иницијатива на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје започнаа преговори и активности за евентуално купување на дел од деловниот простор на Берзата кој во моментот Берзата не го користи за сопствени потреби, односно го издава под закуп. Одборот на директори на Берзата во неколку наврати расправаше во врска со ова прашање и ја разгледа Информацијата за можноста за продавање на дел од деловниот простор на Берзата , во која, меѓу другото, беа истакнати предностите за Берзата од евентуалната продажба на дел од деловниот простор, при што се имаа предвид две специфики на евентуалната купопродажба.

Првата специфика се однесуваше на заинтересираноста на Клириншката куќа КИБС АД Скопје за купување на деловниот простор во кој во моментот работи Централниот депозитар, а кој се наоѓа на локацијата Комплекс банки. Со оглед на специфичните имотно-правни односи на институциите коишто функционираат на локацијата Комплекс банки, односно непоседувањето на имотен лист од страна на Централниот депозитар и КИБС, беше утврдено дека е потребно како купувач на дел од деловниот простор на Берзата да се јави КИБС АД Скопје, кој истовремено договорно ќе се обврзе овој деловен простор веднаш да му го даде на користење на ЦДХВ, како и да изврши пренос на сопственоста на овој

деловен простор на ЦДХВ кога ќе се создадат услови за тоа т.е. кога ЦДХВ ќе може да му ја пренесе сопственоста на неговиот моментален деловен простор на КИБС. Евентуалното изведување на ваквата потенцијалната купопродажба на дел од деловниот простор на Берзата на Централниот депозитар посредно преку Клириншката куќа КИБС упатуваше на втората специфика на трансакцијата, односно во тој случај беше утврдено дека е потребно донесување на одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна од страна на Собранието на акционери на Берзата, поради исполнување на условот за тоа од член 457, став 2, алинеја 3 од Законот за трговски друштва.

Оттука, Одборот на директори на Берзата донесе одлука за продажба на ½ идеален дел од деловниот простор на Македонска берза АД Скопје во вкупна површина од 372 м2, по цена од 1.550 евра за м2 во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на склучување на купопродажниот договор, при што Одборот на директори се согласи купувач на дел од деловниот простор да биде Клириншката куќа КИБС АД Скопје. Оваа Одлука на Одборот на директори беше условена со одобрување на купопродажната трансакција од страна на Собранието на акционери на Берзата како зделка со заинтересирана страна.

На седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата кое се одржа на 21.05.2014 година беше донесена Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

После донесувањето на овие одлуки од Одборот на директори и Собранието на акционери на Берзата, продолжија отпочнатите активности за спроведување на купопродажба на дел од деловниот простор на Берзата од страна на другите две инволвирани институции, но до крајот на извештајниот период сеуште не беа создадени услови за реализација на оваа трансакција.

## 9. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

### 9.1. <u>Нова верзија на системот за електронско известување СЕИНет</u>

Во текот на 2014 година, Дирекцијата за Информатичка и техничка поддршка ја доврши имплементацијата на новите функционалности на системот за електронско известување од котирани друштва СЕИНет. Во овој дел беа опфатени следниве функционалности:

- Проверка на прикачените датотеки на определени типови на урнеци за објава во однос на однапред дефинирани Excel темплејти;
- Автоматизирано запишување на податоците содржани во финансиски извештаи во база на податоци;
- Имплементација на нотификации за администраторите на системот во реално време;
- Имплементација на очекувани објави со календар за објави по издавач;
- Имплементација на посебен веб сервис за објавување на податоци за мобилни апликации;
- Автоматизирано праќање на нотификации на андроид мобилните апликации; и
- Интегрирана андроид мобилна апликација за преглед на објавени документи, со систем за нотификации.
- Автоматизаран внес на податоци за финансиски извештаи (ревидирани и неревидирани) од страна на администраторот при што, како влезен податок се користи креирана Excel датотака. Податоците по проверката автоматски се запишуваат во база на податоци;
- Имплементација на посебен веб сервис за објавување на податоци за мобилни апликации;
- Автоматизирано праќање на нотификации на IOS апиликацци;
- Интегрирана IOS мобилна апликација за преглед на објавени документи, со систем за нотификации.
- Модификации на андроид апликацијата, при што истата имплементира ист графички дизајн како IOS апликацијата. Исто така, при овие модификации одстранети се некои поситни багови.

Со имплементација на новите функционалности ќе се овозможи брз и точен внес на податоците за финансиските извештаи во база на податоци, при што истите се проверуваат од страна на модулот за проверка на прикачени датотеки. Новите функционалности и креираната база на податоци ќе овозможат брзо и ажурно следење на податоците од финансиските извештаи и ќе создадат можност за креирање на различни аналитички прегледи. Исто така, во иднина Берзата планира да развие систем за дистрибуција на податоци за финансикото работење на котираните компании, при што истите ќе бидат проверени и навремено дистрибуирани до заинтересираните data вендори.

### 9.2. Мобилна апликација за СЕИНет на IOS платформа

Во текот на вториот квартал од 2014 година, Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка ги презеде сите потребни активности за развој на СЕИНет iOS апликација. Во овој дел беа реализирани следниве активности:

- Подготовка на детална спецификација;
- Избор на надворешен изведувач;
- Дефинирање на услови во договорот со изведувачот;
- Следење и контрола на имплементацијата; и
- Креирање на корисничка сметка Apple Developer за Берзата.

Апликацијата како извор на податоци ја користи веќе поставената инфраструктура за WCF веб сервиси.

На почетокот на четвртиот квартал од оваа година, беше пуштена во употреба мобилната апликација за СЕИНет на IOS платформа. Апликацијата ги содржи истите функционалности како соодветната апликација на Android платформата.

### 9.3. Почеток на имплементација на новата верзија на БестНет

Во првиот квартал од 2014 година започна имплементација на новата верзија на БестНет, при што беше реализирана имплементација на модул за конекција на овој систем со БЕСТ системот преку FIX протокол. Исто така, беше имплементиран и модул за прием на нови податоци од модулот за конекција со БЕСТ, во БестНет апликација којшто подоцна автоматизирано ќе ги освежи податоците за промените на сите приклучени корисници (без притоа истите да мора да преземат било какви активности).

### 9.4. Поставување на тест опкружување за Тренинг Центар

За потребите на реализација на курсот за Берзански електронски систем за тргување во рамките на Тренинг центарот на Берзата, беше реализирано поставување на тест опкружување на системот за тргување – БЕСТ. Оваа постапка беше реализирана со употреба на виртуелен сервер на кој беа инсталирани сите модули на БЕСТ системот. Тестното опкружување се постави на две локации и тоа на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и Универзитетот Американ Колеџ.

### 9.5. Активности поврзани со креирање на План за обезбедување на континуитет во работењето на Берзата

Во текот на 2014 година, Одборот на директори на Берзата го донесе Планот за обезбедување на континуитет во работењето на Берза. За таа цел Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка беше активно вклучена во изготвувањето на овој план, при што беа реализирани следниве активности:

- Идентификација на критични настани за прекин во континуитетот на работењето;
- Идентификација на сервиси кои би биле опфатени со планот за континуитет;

- Анализа на расположливите ресурси и моменталните поставеност во однос на Прелиминарниот план за континуитет.

### 9.6. Промени на веб страната на Берзата

Со цел воведување на нови позиции за поставување на комерцијални банери на веб страницата на Берзата, во текот на вториот квартал од 2014 година беше имплементирана можноста за поставување на странични банери кои се прикажуваат околу содржинскиот простор на веб страницата. Исто така, во текот на овој квартал Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка ја изработи подстраницата за Конференцијата на македонскиот пазар на хартии од вредност, при што беше реализирано поставување на содржината и нејзино вклопување во дизајнот на веб страна на Берзата, како и подстраницата за регистрација на учесницита на конференцијта.

### 9.7. Инсталиран нов клима уред во систем сала

Во третиот квартал, согласно Програмта за работа за 2014 година, беше набавен и исталиран нов backup клима уред во систем салата на Берзата. Клима уредот е од производитело Toshiba тип RAV, и истата покажува доста солидни параметри за потрошувачка на електрична енергија во однос на нејзината ефикасност.

### 9.8. Активност и поврзани со проектот СЕЕ линк

Во текот на третиот квартал од 2014 година, за потребите на реализација на регионалниот проект за пренасочување на налози за тргување, беа извршени следниве организациски активности поврзани со IT:

- Регистрација на доменот see-link.org;
- Администрација на доменот see-link.org;
- Поставување на e-mail server;
- Поставување на FTP сервер за чување на податоци поврзани со проектот, како и подесување на корисници и кориснички права;
- Поставување на виртуелен сервер за хостирање на web страната на SEE Link;
- Креирање на WorkPress web страна.

Во четвртиот квартал, беше финализирана техничката спецификација за ITP платформата на СЕЕ Линк, при што голем дел од работите во оваа фаза беше реализиран од страна на вработените на Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка на Берзата. Изработената техничка спецификација беше прифатена од страна на останатите две берзи учесници во проектот (Загребската и Софиската Берза).

### 9.10. Активности поврзани со изнаоѓање ново софтверско решение за позадинско работење на членките на Берзата

Одборот на директори на Берзата на својата 33 седница одржана на 28.11.2014 година заклучи дека моменталната состојба на системите за позадинско работење на членките на Берзата е на загрижувачко ниво и истата не обезбедува развојни можности што би придонеле за зголемување целокупната ефикасност и ефективност на пазарот на хартии од вредност, односно негативно се одразува на заложбите и настојувањата на Берзата за вклучување на македонскиот пазар на хартии од вредност во актуелните проекти за регионално поврзување.

Од друга страна, поради стратегиското значење на вклучување на Берзата и нејзините членки во СЕЕ Линк платформата во текот на 2015 година, Одборот на директори заклучи Берзата да преземе водечка улога во процесот на осовременување на системските решенија за позадинско работење на нејзините членките и активно да се инволвира во финансирањето на развој и/или осовременување на соодветна софтверска апликација за членките и во нејзино интегрирање со СЕЕ Линк платформата.

Со оглед на новонастанатите состојби со одржувањето на постојниот софтвер за позадинско работење на членките на Берзата, при што кај повеќето членки производителот на истиот го раскина или најави раскинување на договорот, на барање на Групацијата за работа со хартии од вредност при Стопанската комора на Македонија Берзата ги презема следниве активности:

- Комуникација со производителите на софтвер за позадинско работење на членките (беа вклучени СПД ДООЕЛ Скопје, Интервеј ДОО Скопје и Бањалучка Берза);
- Прибирање на понуди;
- Изработка на „Анализа на можни решенија за осовременување на системите за позадинско работење на членките на Берзата“ која беше презентирана на Одборот на директори на Берзата;
- Одборот на директори на Берза на својата седница одржана на 26.12.2014 година заклучи дека понудата на Берза од Бања Лука е најсоодветна и даде насоки за продолжување на преговорите со овој понудувач, при што треба да се земат предвид цената на решението, доработката на истото со цел компатибилност со македонските прописи и практики, гарантните услови и одржувањето на системот.

## 9.11. Реализирани набавки

Во оваа година беа реализирани следниве набавки:

- Лиценца за употреба на библиотеката EXT.net со подршка од една година – со оваа набавка се реализира лиценцирање на оваа библиотека која е веќе во употреба од страна на Берзата, како freeware со редуцирани функционалности, и истата се употребува во следниве апликации: СЕИ Нет, БЕСТНет, XSurveillance. Воедно, со оваа набавка Берзата доби поддршка од страна на производителот во траење од една година. Набавката е согласно Програмата за работа на Берзата за 2014 година;

- Лиценца за употреба на библиотека за графици – FusionCharts XT со подршка од една година – Претходната верзија на оваа библиотека е веќе во употреба (сите графикони во апликациите развиени од наша страна) од страна на Берзата. Набавката на новата верзија дава можност за прикажување на т.н. HTML5 графикони (за разлика од досегашната која овозможување само Adobe Flash) кои се препознатливи за сите современи интернет пребарувачи, вклучувајќи ги тука и интернет пребарувачите кои се инсталирани на современите „паметни“ телефони. Набавката е согласно Програмата за работа на Берзата за 2014 година;

- Лиценца за употреба на MSDN PRO со Visual Studio во траенње од една година – Со набавка на оваа лиценца се лиценцира употребата на развојната алатка Visual Studio PRO, која се користи од страна на Берзата за развој и одржување на сите софтверски решенија. Исто така, со оваа лиценца за развојни цели и тестирање Берзата доби право за употреба на сите опреативни системи на Microsoft. Набавката е согласно Програмата за работа на Берзата за 2014 година;

- Сервер за хостирање на web апликациите на Берзата (www.mse.mk, seinet.com.mk, bestnet.com.mk, и др.) достапни преку интернет – Оваа ургентна набавка беше реализирана заради настанатите проблеми со серверот кој моментално е во употреба, а истите се однесуваа на застарената верзија на оперативниот систем (Windows Server 2003 R2 - OEM) и прекинот на поддршката со надградби од страна на Microsoft, која резултираше со повеќекратни напади преку интернет и неможноста за нивно одбивање на долг рок и изнаоѓање на конечно решение. Набавката не беше во согласност со Програмата за работа на Берзата за 2014 година, а се реализира заради обезбедување на непречено работење на сите апликации кои се web базирани (тука пред се се мисли на апликацијата за СЕИ Нет).

## 10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 10.1. Активности во рамките на Тренинг центарот на Македонска берза

#### *10.1.1. Остварена соработка на Тренинг центарот со други институции*

- Во рамките на заложбите за збогатување на темите и содржините на обуките во рамките на Тренинг центарот, Македонска берза во текот на 2014 година склучи договор за соработка со ПрајсвотерхаусКуперс и со Академијата за банкарство и информатичка технологија (АБИТ). Согласно договорот со ПрајсвотерхаусКуперс PwC Академијата и Тренинг центарот на Македонска берза заеднички ќе организираат и одржуваат тренинзи поврзани со различни теми во насока на зголемување на финансиската и бизнис едукација. Берзата со АБИТ договори организирање обуки во рамките на својот Тренинг центар, а обврската на АБИТ е да обезбеди учество на слушатели во едукативните програми. Исто така, Берзата на комерцијална основа обезбеди право на користење на салата за состаноци за потребите на АБИТ.

- Во насока на приближување на системот за електронско тргување - БЕСТ и овозможување на симулација на тргувањето на идните учесници на пазарот на хартии од вредност, Тренинг центарот на Берзата воспостави соработка со Универзитетот Американ колеџ Скопје и со Здружението AISEC.

#### *10.1.2. Одржани обуки*

Согласно планот за реализација на обуки во текот на 2014 година во рамките на Тренинг центарот на Македонска берза беа одржани следните обуки:

- на 23.03.2014 и 23 и 26.05.2014 година обука за начинот на функционирање на Берзанскиот електронски систем за тргување – БЕСТ (од соработката со Универзитет Американ колеџ Скопје и Здружение AISEC);
- на 02.04.2014 година обука посветена на презентациската алатка Prezi преку која може да се изработат модерни и технолошки современи презентации;
- на 03-04.10.2014 година и 20-21.11.2014 година „Принципи на пазарите на капитал (втората обука беше организирана во соработка со Академијата за банкарство и информатичка технологија - АБИТ);
- на 14 и 21.11.2014 година „Берзански електронски систем за тргување“;
- на 25-26.11.2014 година „Корпоративно финансирање“.

Во рамките на соработка со PWC Академијата беа организирани следните обуки:

- на 17-18.11.2014 година „Подготвување на финансиски извештаи согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување“;
- 15.12.2014 година „Развој на менаџерските вештини“.

### 10.2. Одржани предавања и презентации

- Во рамките на заложбите да го доближи берзанското работење и воопшто начинот на функционирање на пазарите на хартии од вредност до што поширок круг на заинтересирани

учесници Македонската берза на континуирана основа остварува соработката со образовните институции во Република Македонија. Во тие рамки, во текот на 2014 годин Берзата беа организирани посети од голем број средни училишта и факултети за време на кои учениците и студентите имаа можност да се запознаат со начинот на функционирање и со институционалната поставеност на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, со посебен осврт на улогата и функцијата на Македонската берза. Посетителите имаа можност во живо да го проследат тргувањето преку електронскиот систем за тргување на Берзата – БЕСТ и да се информираат за начинот на којшто се реализираат купопродажните налози за дадени хартии до вредност.

- Во рамките на соработката со Академијата за судии и јавни обвинители, Берзата организираше предавања за судии и јавни обвинители за област која го покрива делокругот на работењето на берзата, со цел поефикасна имплементација на соодветната легислатива.

- На покана на Економскиот факултет при УКИМ-Скопје во текот на месец септември и ноември претставник на Берзата одржа предавање на студентите од овој факултет за основните карактеристики на Македонската берза и на другите институции на пазарот на хартии од вредност, пазарните сегменти и начинот на тргување на Македонската берза, како и некои статистички параметри од тргувањето на Берзата во изминатите неколку години.

## 10.3. Виртуелна берза – едукативен портал на Македонската берза

Имајќи ја предвид заложбата на Македонската берза за континуирана едукација на потенцијалните и актуелните учесници на македонскиот пазар на хартии од вредност и потребата од стекнување на одредени практични искуства во тргувањето со хартии од вредност, во месец октомври 2014 година започна со реализација вториот циклус на едукативниот портал на Македонската берза Виртуелна берза кој ќе трае до 30.06.2015 година. Виртуелната берза претставува игра на знаење и симулација на тргувањето на Македонската берза Учесниците во играта имаат можност да ги испробаат своите вештини во виртуелното тргување со хартии од вредност и да стекнат практично искуство од вложување во акции што се тргуваат на Македонската берза.

На 01.07.2014 година успешно заврши првиот циклус од едукативната игра Виртуелна берза во кој беа вклучени повеќе од 600 учесници кои преку симулација на тргување стекнаа практично искуство од тргувањето со хартии од вредност. Македонската берза на тројцата најуспешни учесници им додели соодветни награди: годишна претплата на продуктот Бестнет за следење на тргувањето на Македонската берза во живо, посета на една од обуките во рамките на Тренинг центарот на Берзата, а беше поделен и Прирачник за тргување со хартии од вредност. Во текот на месец август 2014 година првонаградениот учесник во Виртуелната берза оствари пракса на Берзата за време на која се запозна со улогата и начинот на функционирање на Македонската берза, а беше ангажиран и во ажурирањето на финансиските податоци за котираните друштва содржани во базата на податоци на Берзата.

## 10.4. Други активности

- Согласно заложбите на Берзата за подигнување на нивото на финансиска писменост Македонската берза беше вклучена во одбележувањето на Глобалната недела на пари, настан што се организира на иницијатива на Меѓународната организација за финансиска едукација на деца и млади (Child and Youth finance international), а што претставува дел од активностите на Координациското тело за финансиска едукација во Република Македонија. Во тие рамки, Берзата и Комисијата за хартии од вредност одржаа предавања на учениците од средните економски

училишта од Скопје и Велес за значењето на финансиската едукација и писменост, особено во делот на вложувањето во хартии од вредност.

На 10 март 2014 година со симболично означување на почетокот на тргувањето со удирање на ѕвоното во Македонската берза се одбележа Глобалната недела на пари во нашата земја. На настанот присуствуваа Министерот за финасии на РМ и Гувернерот на Народна банка на РМ, како и претседателите на регулаторните тела членки на Координациското тело за финансиска едукација. Во одбележувањето на настанот беа вклучени најдобрите ученици од Средното економско училиште Васил Антевски Дрен од Скопје кои имаа можност да тргува оствари најголема вредност на своето портфолио во период од еден месец на тргување преку Виртуелната берза Македонската берза обезбеди една бесплатна обука во рамките на Тренинг центарот.

- На покана на Управата за финансиско разузнавање при Министерството за финансии на Република Македонија претставник од Берзата беше номиниран за учесник во реализацијата на проектот „Национална проценка на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам“ (НРА). Активностите на проектот започнаа со реализација на работилница која се одржа во периодот од 07-09.05. 2014 година во Скопје за време на која беа презентирани концептот и алатките за спроведување на НРА. Управата и надлежните институции во РМ ќе ја спроведуваат НРА со помош на Светска банка, а определени активности ќе се реализираат во соработка со Европската Комисија- TAIEX и OSCE. Работната група која беше номинирана за изработка на Извештај за проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам во секторот „Работа со хартии од вредност“, а којшто ќе биде дел од интегралниот национален извештај за проценка на ризик се состана во текот на месец октомври. На средбата претставниците од Берзата, Комисијата за хартии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност, Друштвата за управување со инвестициски фондови, брокерските друштва и Министерството за финансии ги дадоа своите забелешки на предлог текстот на извештајот, по што следеше негово финализирање.

- Во рамките на билатералната програма што ја организира Федерацијата на Евроазиски берзи (ФЕАС) во текот на месец јануари 2014 година во Истанбул, Турција се одржа третата практична тренинг програма на ФЕАС, на која зедоа учество претставници од девет берзи членки на Федерацијата, меѓу кои и претставник од Македонската берза. Во текот на неколкудневниот престој, учесниците на програмата остварија посета на повеќе институцииза време на кои беа презентирани различни продукти и платформи за тргување на турскиот пазар на капитал. Учеството на оваа обука беше финансирано од страна на Федерацијата.

- Со цел стекнување одредено практично искуство за начинот на организација и функционирање на Македонската берза, во текот на месец март 2014 година студент на постдипломски студии на Правниот факултет од Скопје започна со тримесечна практична работа.

## 11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 11.1. Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност

- На 16.05.2014 година во Скопје во организација на Македонската берза, Комисијата за хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност се одржа втората „Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност“. Овој заеднички настан на едно место ги обедини еминентните претставници на финансискиот сектор и индустријата на хартии од вредност, котираните компании и другите друштва, државните институции и универзитетите, ревизорите и сите останати субјекти чија дејност е поврзана со работењето или инвестирањето во хартии од

вредност. Конференцијата ја отвори Гувернерот на Народна банка на Р.М. Димитар Богов, а воведни обраќања имаа Елизабета Чингаровска, Претседател на Комисијата за хартии од вредост на РМ и Иван Штериев, Главен извршен директор на Македонска берза АД Скопје. Централната панел дискусија беше посветена на темата „ Каде оди македонскиот пазар на хартии од вредност“, а присутните имаа можност да се запознаат и со имплементацијата на европските директиви на хрватскиот пазар на капитал, со причините за интерното институционално реструктуирање на турскиот пазар на хартии од вредност,како и со состојбите и идните развојни правци на бугарскиот пазар на хартии од вредност.

Благодарение на обезбедената поддршката од спонзорите (Стопанска банка АД Скопје, Бетон АД Скопје, Еуростандард банка АД Скопје, Неоком АД Скопје и Алкалоид АД Скопје), како и на главниот медиумскиот покровител Капитал Медиа Груп, конференцијата беше успешно организирана, без притоа да предизвика трошење на сопствени финансиски средства за реализација на истата од страна на организаторите.

- Во рамките на „Конференцијата на македонскиот пазар на хартии од вредност„ Македонската берза по седми пат ја додели наградата „Кристално ѕвоно„ за најтранспарентно котирано акционерско друштво. Оваа година за прв пат беа доделени награди на три друштва кои од вкупно котираните 116 акционерски друштва на Македонската берза АД Скопје беа оценети како најтранспарентни во 2013 година. Согласно оценките на Изборната комисија за најтранспарентни котирани друштва на Македонската берза за 2013 година беа избрани Алкалоид АД Скопје - прво место, Комерцијална Банка АД Скопје - второ место и Македонски Телеком АД Скопје - трето место.

  Исто така, за остварувањата коишто овластените учесници на македоснкиот пазар на хартии од вредност ги имаа постигнато во вкупниот промет и вкупниот број на транскации реализирани на Берзата во текот на 2013 година беа доделени награди на Илирика Инвестментс АД Скопје за освоено прво место, Иново Брокер АД Скопје за освоено второ место и Комерцијална банка АД Скопје за освоено трето место.

## 11.2. Меѓународна промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност

- Во организација на Федерацијата на Евроазиски берзи (FEAS) на 04.04.2014 година во Лондон, В. Британија, во седиштето на меѓународната банка HSBC се одржа road-show со цел презентација на берзите од регионот на Југоисточна Европа. Главниот извршен директор на Македонската берза одржа презентација за можностите за инвестирање на македонскиот пазар на хартии од вредност за клиентите на оваа реномирана банка.

- Согласно заложбите за учество на инвеститорски конференции со кои се овозможува активна меѓународна промоција на регионалните пазари и водечките издавачи на хартии од вредност, на 18.11.2014 година во Белград се одржа четвртата меѓународна инвеститорска конференција во рамките на годишната конференција на Белградската берза. Овој настан беше организиран во соработка со Wood&Company, една од водечките инвеститорски компании во Централна Европа. Од Македонија на овој настан зедоа учество Алкалоид АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје кои имаа можност да остварат повеќе директни средби и да го презентираат своето работење пред бројни реномирани меѓународни инвеститори. Македонските компании остварија повеќе од 15 средби со потенцијални инвеститори.

## 11.3. Реализација на проектот „Берзански инкубатор“

Согласно Програмата за работа на Македонска берза АД Скопје за 2014 година, во рамките на активностите во доменот на промоција и едукација беше предвидена промоција на проектот „Берзански инкубатор“. Целта на проектот беше обезбедување бесплатна стручна помош при подготвување на документацијата што треба да ја поседуваат издавачите што имаат интерес за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда и котација на Берза. Во текот на месец октомври Берзата склучи договор со издавачот Медиа Принт Македонија за партнерство во реализацијата на проектот „Берзански инкубатор“. Согласно договорот Утрински весник се вклучи во делот на медиумската промоција на проектот, при што во текот на октомври и ноември во саботните изданија на весникот беше објавуван текстот на огласот за бесплатна изработка на документација за јавна понуда на хартии од вредност.

Со цел промоција на проектот на што поголем број на субјекти кои би биле потенцијални корисници на бесплатната стручна помош што ја нуди Берзата, беа контактирани Стопанската комора на Македонија и Сојузот на стопански комори за да го презентираат проектот на нивните членки, беше поставен банер со огласот на интернет страницата на Берзата и беа пратени електронски пораки на повеќе од 1.000 субјекти.

До крајот на извештајниот период немаше пријавено интерес од ниту едно друштво.

## 11.4. Настани и публикации

- На иницијатива на Комисијата за хартии од вредност на 07.02.2014 година во просториите на Берзата се одржа состанок со претставници на членките на Берзата на која покрај Претседателот на КХВ присуствуваа и директорите на Берзата и Централниот депозитар. Оваа средба имаше за цел согледување на евентуалните проблеми со кои се соочуваат членките во текот на своето работење и изнаоѓање на начин за нивно надминување, како и презентација на новиот Правилник на Комисијата за хартии од вредност за вршење надзор.

- Во организација на Македонската берза АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и Институтот на овластени ревизори на Република Македонија на 19.02.2014 година се одржа тркалезна маса на тема: „Зошто нема јавни понуди на хартии од вредност во Република Македонија?“. Целта на оваа тркалезна маса беше да ги поттикне друштвата преку издавање на хартии од вредност да дојдат до потребните финансиски средства за реализација на своите бизнис проекти, што, пак, ќе го заживее пазарот на капитал и ќе ја збогати понудата на хартии од вредност.

  За време на настанот беше промовирана публикацијата “Водич за Јавна понуда на хартии од вредност”, изработена од Македонската берза АД Скопје и Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Во Водичот се објаснува постапката за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда како начин на прибирање на слободен паричен капитал за долгорочно финансирање на компаниите, предностите и карактеристиките на јавната емисија, како и котацијата на берза.

- Во организација на Македонска берза на 04.09.2014 година се одржа средба со претставници на брокерските куќи и банките-членки на Берзата. На средбата се дискутираше за актуелните состојби на домашниот пазар на хартии од вредност, а произлегоа и одредени предлози за евентуално подобрување на истите.

- На 18.09.2014 година Берзата одржа средба со претставници на домашните пензиски и инвестициски фондови, а на средбата одржана на 27.10.2014 година покрај претставници на фондовите присуствуваа и претставници на Агенцијата за супервизија на пензиското осигурување и Комисијата за хартии од вредност фондовите. На средбите, покрај другото, се

дискутираше и за одредени законски и регулаторни пречки што резултираат со недоволна активност на фондовите на домашниот пазар на хартии од вредност.

- Во организација на Комисијата за хартии од вредност на 29.11.2014 година во Битола се одржа средба на претставници на регулаторот, членките на Берзата, друштвата за управување со инвестициски фондови, Македонската берза и Централниот депозитар. За време на средбата беа разгледани повеќе прашања од областа на пазарот на харти од вредност кои беа од развоен и технички карактер. Беа донесени заклучоци за формирање на работни групи кои во наредниот период ќе работат на изнаоѓање на решенија по дадените прашања.

## 11.5. Мобилна апликација на системот за електронски информации СЕИ Нет наменета за Android и iOS

Во насока на побрз и поедноставен пристап до информациите коишто ги објавуваат котираните акционерски друштва за своето работење, Македонската берза во мај 2014 година ја пушти во употреба мобилната апликација на системот за електронски информации СЕИ Нет за корисниците на Android платформата, а истата во текот на месец октомври беше ажурирана со понова верзија. На почеток на месец ноември 2014 година Берзата ја пушти во употреба мобилната апликација на СЕИ Нет наменета за корисници на уреди што работат на iOS платформата, односно на сите што користат iPhone и iPad.

## 11.6. Комерцијално огласување на веб страната на Берзата

Во текот на извештајниот период беше закупен рекламен простор за комерцијално огласување на веб страната на Берзата од страна на „T-Mobile”, а беше продолжен и договорот со Комерцијална банка АД Скопје за закуп на позиција за рекламирање на банер на банката.

## 11.7. Соработка со медиуми

- Во текот на извештајниот период Главниот извршен директор имаше интервју што се емитуваше во емисијата Бизнис 365 на Македонската телевизија, како и интервју за сателитскиот канал на МТВ во кои се осврна на актуелни теми и состојби на македонскиот пазар на хартии од вредност.

- Соработката со берзите од регионот (Софија и Загреб) и реализацијата на проектот за пренасочување на налози за тргување поддржан од Европската банка за обнова и развој (проектот СЕЕ Линк) беше во фокусот на интересот на повеќе домашни, регионални и странски пишани и електронски медиуми (Утрински весник, словенечкиот весник Finace, електронскиот портал SETimes, SEENews, магазинот EMEA Finance, Bussiness New Europe Magazine) во кои Главниот извршен директор имаше интервјуа.

- Во текот на месец ноември Берзата започна соработка со магазинот „Економија и бизнис“ која се состои во објавување на текстови подготвени од Берзата за месечните случувања во делот на тргувањето и активностите на Берзата во даден период.

- Берзата остваруваше континуирана комуникација и соработка со конвенционалните и интернет медиуми.

## 11.9. Други активности

- Претставници од Берзата на 13.10.2014 година одржаа презентација на проектот за регионално пренасочување на налозите за тргување СЕЕ Линк во Министерството за финансии на РМ, со цел запознавање на надлежните претставници од ова министерство и претставници на Народната банка на РМ со активностите на Берзата во реализацијата на овој проект.

- На октомвриската седница на Одборот на директори на Берзата беше разгледана Информацијата за посетеноста на интернет страниците на Берзата и активностите на Берзата на социјалните мрежи. Од дискусијата произлегоа неколку заклучоци во поглед на содржината на официјалната интернет страна и страницата за електронско известување од котираните друштва, како и околу употребата на социјалните мрежи во делот на рекламирање на постоечките и новите продукти на Берзата.

## 12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2014 година активностите на Берзата на регионално и меѓународно ниво беа фокусирани кон следниве пунктови:

### 12.1. Активности поврзани со реализација на регионалниот проект за пренасочување на налози за тргување - СЕЕ Линк

Главен ангажман на Берзата во доменот на меѓународните активности во текот на 2014 година беше продолжување со започнатите активности за имплементација на регионалниот проект за пренасочување на налозите за тргување.

Заради потребите на проектот берзите од Скопје, Загреб и Софија во мај 2014 година основаа заедничко друштво СЕЕ ЛИНК ДОО со седиште во Скопје. Друштвото СЕЕ ЛИНК на 07.07.2014 година потпиша Договор за грант со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), во функција на поддршка на развојот на регионалните пазари на капитал. Средствата од фондовите што ги обезбеди ЕБОР значително ќе придонесат за реализација на регионалниот проект за пренасочување на налозите за тргување којшто ќе им го олесни пристапот на инвеститорите до регионалните пазари и ќе придонесе за зголемување на визибилноста на берзите – учеснички во проектот.

Следен чекор во реализација на проектот беше креирање на техничко решение за пренасочување на налозите за тргување, што е планирано да се реализира наредната година. Во тој контекст беа формирани соодветни работни групи (функционална, IT и маркетинг) составени од претставници на трите берзи и Надзорен комитет на проектот составен од директорите на берзите и професионално ангажираниот проект менаџер – избран во координација со ЕБОР.Тимовите одржаа серија состаноци по Skype, а се реализираа и неколку средби во Скопје, Загреб и Софија.

Освен активностите вклучување во работни групи и Надзорен комитет, Македонска берза активно ги стави на располагање своите ресурси во делот на IT поддршка на СЕЕ Линк ДОО Скопје во оваа фаза од реализацијата, но и во повеќе многу битни правно-финансиски прашања кои беа актуелни во изминатиот период. Воедно Берзата презема низа активности и започна интензивна комуникација со Министерството за финансии на РМ и Народна банка на РМ околу третманот на СЕЕ Линк платформата откако истата ќе стане функционална од аспект на моменталните ограничувања во Законот за девизно работење и либерализација на капиталните текови кон Бугарија и Хрватска. Истовремено, Берзата направи нова анализа на прашањето на ефикасноста и компатибилноста на постојните апликации за позадинско работење на најзините членки и можните начини за нивно интегрирање со идната нова централна апликација на СЕЕ Линк платформата.

Во рамките на договорените активности за претставување на проектот за регионално пренасочување на налози за тргување, на 01.12.2014 година Бугарската, Загрепската и Македонската берза одржаа заедничка презентација пред овластените учесници и институции на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Презентацијата за овластени учесници и институции на пазарот на хартии од вредност во Хрватска се одржаа на 21.11.2014 година во Загреб, а на 02.12.2014 година во Софија за бугарските брокери и институциите на пазарот на хартии од вредност во Бугарија.

## 12.2. Активности во рамките на Федерацијата на Евроазиски берзи (FEAS)

На 19 и 20.11.2014 година, во Загреб се одржаа Работниот и Извршниот комитет, како и Генералното собрание на Федерацијата на Евроазиски берзи (ФЕАС), на кои учествуваа и претставници на Македонската берза. На Собранието беше извршен избор на нов Претседател на ФЕАС, на Работниот комитет, а беше избрано и ново членство во Извршениот комитет на ФЕАС. Македонката берза беше повторно избрана за член на ова тело.Трошоците за присуство на претставниците на Берзата на настанот беа покриени од страна на Секретаријатот на ФЕАС во рамките на т.н. билатералната програма за размена.

## 12.3. Разговори за стратешко партнерство од Истанбулска берза

Во текот на месец февруари до Берзата беше доставен допис од страна на Истанбулската берза во кој, меѓу другото, се истакнува заинтересираноста за стратешко партнерство со Македонската берза АД Скопје. Понудата беше разгледана од страна на Одборот на директори на Берзата кој донесе и соодветени заклучоци за понатамошно постапување.

По покана од Одборот на директори на Берзата на 12.05.2014 година во посета на Берзата беа претставници на Истанбулска берза и имаа презентација за организационата поставеност на Истанбулската берза и можностите кои би се отвориле за Истанбулската и Македонска берза од нивното евентуално стратешко партнерство и потенцијални области во кои би можело да се соработува.

На јунската седница Одборот на директори дискутираше во врска со предходно наведеното и притоа беше истакнато дека во наредниот период заинтересираноста на Истанбулската берза за стратешко партнерство треба да се трансформира во конкретни предлози во однос на клучните аспекти неопходни за одлучување околу стратешко партнерство и дека Берзата е отворена за понатамошна комуникација со Истанбулска берза.

## 12.4. Дистрибуција на податоци

- Во првиот квартал од 2014 година Истанбулската берза достави до Македонската берза понуда за соработка во делот на дистрибуцијата на податоци, по што Берзата пристапи кон разгледување на можностите и условите за отпочнување на соработка со оваа берза. За конечниот предлог на Истанбулската берза, како за импликациите од тоа за тековната соработка со други берзи, беше известен Одборот на директори кој изгради соодветен став, односно даде насоки евентуалното потпишување на овој договор да се реализира со соодветни ограничувања кои ќе овозможат понатамошна непречена соработка со други берзи во овој домен. До крајот на извештајниот период преговорите со Истанбулска берза завршија и следува потпишување на соодветен договор помеѓу двете берзи.

- Во текот на месец мај Македонската и Виенската берза потпишаа нов договор со кој се проширува опсегот на податоци кои ги добиваат вендорите со посредство на Виенската берза. Согласно договорот, од 01.07.2014 година вендорите добиваат и податоци кои се однесуваат на корпоративни активности од котираните компании.

- Во текот на извештајниот период стручните служби на Берзата ги разгледуваа можностите за остварување на соработка со Euromoney Institutional Investor Company – EMIS, меѓународна институција со седиште во Лондон, во делот на дистрибуција на податоци за друштвата што котираат на Македонската берза. На 29.09.2014 година беше потпишан договор за дистрибуција на податоци со нивната подружница во Бугарија.

## 12.5. Други активности

- На покана на Deutsche Borse Главниот извршен директор присуствуваше на годишната конвенција организирана од страна на Deutsche Borse Group. Посетата на Deutsche Borse беше искористена за остварување на серија состаноци со претставници на оваа институција, а поврзани со можноста од соработка со Deutsche Borse, како на билатерално, така и на регионално ниво, односно за нивна поддршка на проектот за пренасочување на налозите за тргување.

- Во рамките на соработката што Комисијата за хартии од вредност на РМ ја воспостави со регулаторот на пазарот на капитал во Турција, делегација на Одборот на пазарот на капитал од Турција на 20.10.2014 година беше во официјална посета на Македонската берза, со цел да се запознае со состојбите на домашниот пазар на хартии од вредност и да ги согледа можностите за идна соработка на овие два пазари.

# 13. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2014 ГОДИНА

Во 2014 година Македонската берза АД Скопје, оствари **вкупни приходи** во износ од **40.887.413 денари** и истите се за 10% повисоки во однос на остварените вкупни приходи во 2013 година, што се должи на зголемените приходи од надомест за тргување оваа година.

Приходите остварени од камата изнесуваат 1.954.860 денари и претставуваат 4,8% од вкупните приходи. Овој износ е по основ на камата на орочени депозити кај банки. Намалувањето на овие приходи од 21,8% во однос на претходната година се должи на намалувањето на каматните стапки за орочени депозити во 2014 година во однос на 2013 година. На 31.12.2014 година Берзата има денарски орочени депозити во следните банки Комерцијална банка (10 милиони денари), Стопанска банка (10 милиони денари), Еуростандард банка (10 милиони денари), Халк банка (10 милиони денари), Шпаркасе банка Македонија (10 милиони денари), Охридска банка (8,5 милиони денари) и НЛБ Тутунска банка (4,5 милиони денари), со 1% каматна стапка за депозит орочен на 3 месеци и каматни стапки што се движат од 2,5% до 3,8% за депозитите орочени на 12 месеци. Воедно, Берзата поседува 83.472,8764 удели во паричниот фонд на КБ Публикум Инвест чија вредност на 31.12.2014 година изнесува 9.428.779 денари. Како резултат на усогласување на објективната вредноста на уделите се остварени приходи во износ од 228.779 денари. Збирно од вложувања во финансиски инструменти е остварен приход од 2.183.639 денари.

Приходите по основ на провизии и надоместоци изнесуваат 31.647.236 денари и се за 20% повисоки во однос на истите во 2013 година. Подолу се презентирани подетално сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на надоместоци за членство во вкупен износ од 2.817.897 денари и истите се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за користење на Берза-Нет, надоместоци за комуникациско поврзување со Централниот депозитар за хартии од вредност, надоместоци за користење на станици за набљудување и слично. Кај овие приходи се бележи намалување од 24% во споредба со истиот период лани, поради тоа што само во јануари 2014 година се наплатени надоместоци од членство од сите 13 членки на Берзата, од февруари до август надомест за членство се приходуваше од 11 членки, а последните 4 месеци надомест за членство плаќаа 10 членки (во февруари имаше трајно исклучување од членство на Алта Виста Брокер АД Скопје и Пеон Брокер АД Скопје, а во месец август статусот членка на Македонска берза и’ престана на Еуроброкер АД Скопје). Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 6,9%.

- Од надомест за тргување во 2014 година се приходувани 20.129.339 денари што е речиси половина, или 49,2% од вкупните приходи во 2014 година и истите се за 53,5% повисоки во однос на остварените во 2013 година. Кај приходот по основ на надомест за тргување по основ на склучените трансакции во БЕСТ системот е забележано зголемување од 36,7% (од 4.875.792 денари во 2013 година на 6.663.530 денари во 2013 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите, исто така, бележи зголемување од 61,5% (од 3.550.880 денари во 2013 година на 5.734.112 денари во 2014 година), а приходот од тргувањето при јавни берзански аукции бележи намалување од 35,4% (во 2014 изнесуваат 647.569 денари, а во 2013 година изнесуваа 1.002.455 денари). Приходите од берзанска провизија од тргување со обврзниците бележат намалување од 25,7%. Во 2014 година Берзата оствари и приходи по основ на реализирани јавни понуди на хартии од вредност во износ од 4.338.250 денари (јавните понуди на акции од издадени од АрчелорМитал ЦРМ АД Скопје и ТТК Банка АД Скопје), што придонесе за значителниот пораст на приходите од тргување во 2014 во споредба со 2013 година

- Остварени се приходи по основ на надомест за котација во износ од 8.700.000 денари или 17,2% од вкупните приходи. Годишен надомест за котација е фактуриран на вкупно 116 акционерски друштва што во текот на 2014 година котираа на Официјалниот пазар на подсегментите Берзанска котација, Супер котација и Задолжителна котација. Овие приходи се за 8,7% пониски во споредба со приходите од котација остварени во 2013 година поради тоа што во 2013 година во постапката на задолжителна котација беше наплатен и еднократен надомест за котација од новокотираните друштва.

Во 2014 година Берзата оствари останати приходи од дејност во износ од 7.046.805 денари, што се за 15% пониски во споредба со истите во 2013 година. Ова се приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, закуп на медиумски простор, приходи од дистрибуција на берзански податоци, донација и друго. Најголемо учество во останатите приходи имаат приходите од дистрибуција на берзански информации во износ од околу 2.208.000 денари (истите во 2013 година изнесуваа 2.334.000 денари), приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од околу 1.700.000 (истиот износ е остварен и во 2013 година), приходи од котизација и спонзорство за конференција во износ од околу 550.000 денари (во 2013 година изнесуваа 935.000 денари), приходи од донација на софтвер во износ од 1.554.000 денари (остварен е и соодветен расход како амортизација на софтверот), приходи од закуп на медиумски простор во износ од 345.000 денари (во 2013 година изнесуваа 674.000 денари), приходи од одржување на обуки во износ од 260.000 денари (во истиот период од 2013 година изнесуваа 467.000).

Од курсни разлики е остварен приход од 9.733 денари во 2014 година.

**Вкупните расходи** остварени во 2014 година изнесуваат **34.875.760 денари** и истите се за 4% пониски од остварените во 2013 година кога истите изнесувале 36.302.509 денари. Доколку се изврши прилагодување на вкупните расходи во 2014 година и 2013 година за износот на регулаторниот трошок, истите се на речиси исто ниво (24.160.393 денари во 2014 и 24.860.506 денари во 2013 година).

Во 2014 година за провизии и надоместоци направени се расходи во износ од 10.791.828 денари, што претставува 30,9% од вкупните трошоци. Овие трошоци се направени за плаќање на банкарски провизиии и, пред се', за надоместот за надзор што Берзата го плаќа на Комисијата за хартии од вредност во висина од 0,006% од пазарната капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргување од претходната година. На 27.01.2014 година Комисијата за хартии од вредност ја извести Берзата дека вкупната пазарна капитализација на која Берзата треба да плати надомест на надзор на берза изнесува 178.589.452.025 денари од што произлегува дека вкупниот износ на надомест за надзор изнесува 10.715.367 денари за 2014 година. Со оглед на тоа, месечниот надомест за надзор кон Комисијата за хартии од вредност во 2014 година изнесуваше 892.947 денари. Истите се за 6% пониски во однос на остварените истиот период лани.

Трошоци за вработени во 2014 година изнесуваат 11.898.959 денари. Истите изнесуваат 34% од вкупните расходи и се на исто ниво како во 2013 година. Бруто платите на извршниот член на Одборот на директори изнесуваат вкупно 2.991.036 денари.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 4.797.488 денари, што претставува 13,7% од вкупните расходи и е за 2% пониска во споредба со 2013 година, а се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опрема. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Исправката на вредност на побарувањата изнесува 352.500 денари и се однесува на побарувања по основ на надомест за котација за 2013 година, односно согласно измените во сметководствените политики на Берзата усвоени во јануари 2014 година, за побарувањата со старост од 1 до 2 години се врши исправка на вредност од 50% од нивната номинална вредност.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 7.034.985 денари и се за 7,5% пониски од истите во 2013 година. Учествуваат со 86% во остварувањето на планот, а во вкупните расходи со 20,2% и се однесуваат на следните ставки:

- Материјалните и слични трошоци изнесуваат 1.817.652 денари или 5,2% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично).

- Трошоците за услуги изнесуваат 3.516.191 денари и истите учествуваат со 10% во вкупните расходи. Од трошоците за услуги 400.902 денари отпаѓаат на услуги поврзани со организацијата на берзанската конференција (остварен е и соодветен приход од котизација на посетители на конференцијата и спонзорства). Во рамките на трошоците за услуги позначајно учество имаат услугите за тековно одржување на опремата во износ од 1.267.833 денари, телефонските и комуникациските услуги и услуги за интернет во износ од 888.247 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за услуги за ревизија на финансиските извештаи, за поштарина, за обезбедување, планираните трошоци за генерална поправка на системот за парно греење во објектот на Берзата и слично.

- Трошоците за надомест за Одборот на директори изнесува 480.000 денари и тие изнесуваат 1,4% од вкупните расходи, а согласно одлуката на Собранието на акционери на Македонска берза АД Скопје од 18.12.2012 година месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на Македонска берза се исплатува само за независните членови на Одборот. Овие трошоци во однос на ланските се повисоки за 12% што произлезе од фактот дека еден од независните членови беше избран во месец мај 2013 година откога започна и исплатата на надоместокот за негово учество во Одборот.

- За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 210.958 денари и истите се за 30% пониски во однос на планираните за 2014 година.

- Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 551.671 денари и претставуваат 1,6% од вкупните расходи. Овие трошоци се за 29% пониски од остварените во 2013 година и за 31% помали од планираните. Дел од овие трошоци се однесуваат на организација на годишната конференција на Берзата и се алиментирани од добиените спонзорства и наплатените котизации за конференцијата.

- Трошоци за осигурување се направени во висина од 179.770 денари. Се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опремата, мебелот и осигурување на вработени и извршниот директор и се на исто ниво како во 2013 година, а пониски за 10% од планираните за 2014 година.

- За Други трошоци, направени се трошоци во износ од 278.743 денари. Овие расходи се направени за данок на имот, членарини во Федерација на Евроазиски берзи (ФЕАС), членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

* * *

Како резултат на повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2014 година оствари **добивка пред оданочување** во износ од **6.011.653 денари**.

Битно е да се напомене дека само од успешно реализираната јавна понуда на акции на издавачот АрчелорМиттал (ЦРМ) АД Скопје Берзата приходуваше 4,3 милиони денари што придонесе за остварување на значително поголема добивка од планираната. Воедно, втора година по ред приходите по основ на надомест за котација од друштва што котираат на подсегментот Задолжителна котација влијаат финансиското работење да се движи околу прагот на рентабилноста.

Пресметан е данок во непризнаените расходи во износ од **663.155 денари** и нето добивката за деловната 2014 година изнесува **5.348.498 денари**.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2014 година изнесува **147.153.409 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, депозити во банки орочени на три и дванаесет месеци со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во отворен инвестициски фонд) учествуваат со 50,56% што придонесува за финансиска стабилност на Берзата. Во 2014 година Македонската берза имаше вложувања во износ од 215.915 денари во заедничкото друштво СЕЕ Линк ДОО Скопје основано со берзите од Загреб, Софија и Скопје. Овој износ претставува 1/3 од почетниот основачки влог на друштвото. Учеството на основните средства материјални и нематеријални (66.024.238 денари) изнесува 44,87% од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 6.182.219 денари или 4,2% од вкупната актива. Во тие рамки е вклучен износот од 604.575 денари што Берзата ги уплати на 30.12.2014 година за зголемување на учеството во заедничкото вложување во друштвото СЕЕ Линк ДОО Скопје. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2014 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата за надомест за котација (2.592.500 денари) и побарувањата за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2014 година што доспева за плаќање на 15.01.2015 година (1.862.909 денари).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2014 година изнесува **147.153.409 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2014 година изнесуваат 2.659.210 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 2.399.430 денари, а разграничените приходи во идни периоди изнесуваат 259.780 денари. Осетното намалување на овие ставки во пасивата се должи на тоа што во 2014 година таков приход не е евидентиран поради целосно преземање на лиценцата за софтверот за тргување од Љубљанска берза како резултат на извршеното преземање на изворниот код на БЕСТ системот во 2009 година, додека во 2013 година најголемо учество во приходите во идните периоди имаше донацијата во овој софтвер. Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2014 година изнесуваат 144.494.199 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 35.647.941 денари и добивката за финансиската година во износ од 5.348.498 денари.

**Одбор на директори** **Скопје, Февруари 2015 година**

**П р е т с е д а т е л**

**Лидија Трајковиќ**

# П Р И Л О Г

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**на ден 31.12. 2014 година**

**АКТИВА**

во денари

| Назив | 2013 | 2014 | Индекс 2014/2013 |
|---|---|---|---|
| **1. Парични средства и парични еквиваленти** | **2.174.583** | **1.832.367** | **84** |
| **2. Кредити на и побарувања од банки** | **64.723.042** | **63.133.489** | **98** |
| Депозити | 64.502.000 | 63.002.000 | **98** |
| Останати побарувања | 221.042 | 131.489 | **59** |
| **3. Вложувања во сопственички инструменти** | | **9.428.779** | **0** |
| **4. Заеднички вложувања** | | **215.915** | **0** |
| **5. Нематеријални средства** | **1.861.272** | **258.711** | **14** |
| **6. Материјални средства** | **68.148.430** | **65.765.527** | **97** |
| **7. Останати средства/побарувања** | **5.763.306** | **6.182.219** | **107** |
| Побарувања за данок на добивка | | | |
| Останати побарувања | 5.763.306 | 6.182.219 | **107** |
| **8. Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **311.811** | **336.402** | **108** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **142.982.443** | **147.153.409** | **103** |

**ПАСИВА**

| Назив | 2013 | 2014 | Индекс 2014/2013 |
|---|---|---|---|
| **1. Обврски** | **3.836.743** | **2.659.210** | **69** |
| Останати обврски | 2.000.610 | 2.399.430 | **120** |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 1.836.133 | 259.780 | **14** |
| **2. Капитал и резерви** | **139.145.700** | **144.494.199** | **104** |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | **100** |
| Резерви | 34.897.102 | 35.647.941 | **102** |
| Ревалоризациони резерви | | | |
| Добивка за финансиска година | 750.839 | 5.348.498 | **712** |
| Загуба за финансиска година | | | |
| Задржана добивка | | | |
| **ПАСИВА** | **142.982.443** | **147.153.409** | **103** |

## БИЛАНС НА УСПЕХ

### во периодот од 01.01.2014 до 31.12.2014 година

**во денари**

| Приходи | 2013 | 2014 | Индекс 2014/2013 | Програма 2014 | Индекс 2014/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Приходи од камати** | **2.499.111** | **1.954.860** | **78** | **2.000.000** | **98** |
| **2. Приходи од провизии и надоместоци** | **26.372.785** | **31.647.236** | **120** | **27.562.000** | **115** |
| Надомест за членство | 3.723.422 | 2.817.897 | 76 | 2.862.000 | 98 |
| Надомест од тргување | 13.114.363 | 20.129.339 | 153 | 16.000.000 | 126 |
| Приходи од котација | 9.535.000 | 8.700.000 | 91 | 8.700.000 | 100 |
| **3. Останати приходи од дејност** | **8.291.479** | **7.046.805** | **85** | **8.500.000** | **83** |
| **4. Нето добивка од курсни разлики** | | **9.733** | | | |
| **5. Добивка од удели** | | **228.779** | | | |
| **Вкупни приходи** | **37.163.375** | **40.887.413** | **110** | **38.062.000** | **107** |
| **Расходи** | | | | | |
| **1. Расходи за провизии и надоместоци** | **11.514.283** | **10.791.828** | **94** | **10.815.367** | **100** |
| Провизии од банки | 72.280 | 76.461 | 106 | 100.000 | 76 |
| Берзанска провизија за КХВ | 11.442.003 | 10.715.367 | 94 | 10.715.367 | 100 |
| **2. Нето загуба од курсни разлики** | **16.587** | **0** | | | |
| **3. Трошоци за вработени** | **11.912.019** | **11.898.959** | **100** | **12.000.000** | **99** |
| **4. Амортизација** | **4.894.336** | **4.797.488** | **98** | **4.900.000** | **98** |
| **5. Исправка на вредност на побарувања** | **360.000** | **352.500** | **98** | **675.000** | |
| **6. Останати расходи од дејност** | **7.605.284** | **7.034.985** | **93** | **8.150.000** | **86** |
| Материјални и слични трошоци | 2.100.469 | 1.817.652 | 87 | 2.200.000 | 83 |
| Трошоци за услуги | 3.588.733 | 3.516.191 | 98 | 3.900.000 | 90 |
| Одбор на директори | 426.668 | 480.000 | 112 | 480.000 | 100 |
| Трошоци за службени патувања | 197.142 | 210.958 | 107 | 300.000 | 70 |
| Трошоци за репрез, реклама и пропаганда | 780.042 | 551.671 | 71 | 800.000 | 69 |
| Осигурување | 179.795 | 179.770 | 100 | 200.000 | 90 |
| Други трошоци | 332.435 | 278.743 | 84 | 270.000 | 103 |
| **Вкупно расходи** | **36.302.509** | **34.875.760** | **96** | **36.540.367** | **95** |
| **Добивка пред оданочување** | **860.866** | **6.011.653** | **698** | **1.521.633** | **395** |
| **Данок на непризнаени расходи** | **110.027** | **663.155** | **603** | | |
| **Добивка за финансиската година** | **750.839** | **5.348.498** | **712** | | |